**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 октомври 2005 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат тие кои се веќе влезени.

Продолжуваме со работа по 109-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Голомеов, Нелко Стојаноски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Марјан Ѓорчев, Есад Рахиќ, Неждет Мустафа, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Мите Николов, Али Ахмети, Рафис Алити, Хусеинџевад Хусеини, Абдулади Вејсели, Слободан Чашуле и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за надворешни работи.

Збор има пратеникот Игор Ивановски.

Повелете господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Иако станува збор за исклучително важен закон, интересот на нашите коелги од сабајле тоа не го потврдува. Се надевам дека веројатно, во понатамошниот тек на расправата, ќе имаме поширока дискусија. Ако не, верувам дека Собранието денеска ќе даде подршка за донесување на Предлогот за донесување на закон за надворешни работи.

Во воведното излагање на министерката Митрева и она што го кажаа колегите, беше потенцирано, а тука јас нема да повторувам тоа што се кажа, по 14 години Република Македонија добива Предлог за донесување на закон. Исклучително важен закон што не ја регулира само, во потесна смисла, надворешната политика на Република Македонија, туку регулира еден низ на меѓусебни односи, согласно Уставот на Република Македонија помеѓу, како што е наведено во Предлогот на законот, органите што ја спроведуваат надворешната политика , а тоа се Претседателот, Министерството за надворешни работи, Владата и Собранието на Република Македонија, како и останатите органи на државната урпава што имаат поединечни ингеренции во својот домен, а комуницираат со меѓународните субјекти.

Оттаму, воопшто не е се едно каков закон ќе донесеме, со оглед на тоа дека, нема да се повторувам, станува збор за исклучително важен закон. По сите оние обиди на коелги пратеници, на поранешни политички гарнитури или елити, како сакате, да дадат Предлог на закон, еве имаме еден таков текст пред нас и мислам дека голема е одговорноста да донесеме еден квалитетен текст што нема да ги одразува интересите или позициите на актуелната, да речеме, политичка констелација во Република Македонија, туку ќе претставува навистина еден системски закон што, верувам, доколку го донесеме на квалитетен начин, ќе го истрпи тестот на времето и нема да претрпува големи промени во иднината. Тогаш ќе бидеме сигурни дека сме донеле квалитетен закон.

Оттаму, не мислам дека кога разговараме за закон за надворешни работи единствено треба да имаме предвид, да речеме, паралелни искуства во другите држави или пак вообичаената или воспоставената пракса на односи или на функционирање на органите, или пак она што сакаме да го направиме, туку тоа треба да претставува своевиден микс на сите овие три работи, бидејки, до колку се земе предвид само една од нив, верувам дека ќе донесеме погрешен текст на законот. И онака, можеби, во овој момент не до крај регулираните односи или функционирањето во целина уште дополнително да го проблематизираме.

Пред да почнам да гикажувам моите сугестии што ќе бидат единствено во смисла на подобрување во оваа фаза на законот, ќе повторам дека јас, како пратеник од СДС ќе го подржам донесувањето на Предлогот на овој закон и верувам дека и од оваа расправа, а понатаму и Министерството за надворешни работи и Владата во целина, нависитна, ќе донесе издржан и квалитетен закон.

Со оглед на тоа дека во водењето на надворешната политика, бидјеки отсуствуваше законска регулатива, барем до сега додека ја донесеме, односите помеѓу креаторите, носителите на надворешната политика беа регулирани со Уставот на Република Македонија и сметам дека таа поставеност, како и во сите други области, е доволна и не треба да се менува. Кога станува збор за Уставот, тоа го кажувам од проста причина што имав можност да ги видам забелешките, можеби на дел од колегите од опозицијата, дека, до колку овој закон не е до крај или не докрај се регулира, можеби ќе треба да го менуваме Уставот. Тоа е нон сенс, со оглед на тоа дека станува збор за повисок акт од самиот закон. Во принцип, поставеноста на креаторите и извршителите на надворешната политика, согласно Уставот, е добро поставена и туак не треба ништо да се менува.

Законот треба да ги следи тие поставености што се веќе регулирани во Уставот и на нив да се прилагодува.

Конкретно, тоа го мислам кога станува збор за членот 10, иако после вчерашната расправа ќе се повторам со дел од колегите, но тоа воопшто ништо не е страшно, каде на пример, во ставот 2 се предвидува да минситерот за надворешни

работи, еднаш годишно се обраќа на Собранието за водењето на надворешната политика, вклучително и безбедносните и одбрамбените прашања на меѓународен план. За мене, воопшто ништо не е страшно да минситерот за надворешни работи, согласнос воите овластувања и ингеренции побара да се обрати пред Парламентот. Мислам, дека доколку го формулираме на овој начин, како обврска што до сега е регулирана единствено за Претседателот, и тоа во Уставот а не во законот, би востановиле една пракса што, можеби, понатаму би создала одредени проблеми, да речеме, во сличните барања на останатите минситри, иако такви нема многу. На пример, на минситерот за одбрана. Тој би можел најмалку еднаш годишно да се обрати пред Собранието и да извести за, да речеме, безбедносните прашања во Република Македонија. Или сличен мотив, на пример, да има минситерот за внатрешни работи. Тоа е сосема легитимно.

Оттаму, мислам дека она што до сега е востановено како уставна обврска, како обврска, а не како право, а после, пардон, како право, а тоа е регулирано, согласно Уставот, на Претседателот на Република Македонија дека не треба да се пренесува понатаму на одделни органи на Владата, бидејки и Министерството за надворешни работи и сите останати минситерства претставуваат органи на Владата, тој е колективен орган, па мислам дека е доволно таквата обврска, а понатаму и право остане во надлежност на Претседателот на државата. Секако дека премиерот, односно претседателот на Владата, согласно своите надлежности, во името на Владата, односно органите што Владата ја сочинуваат, го има тоа право по негово барање да се обрати на Парламентот за овие прашања.

Моето мислење е дека ставот 2 од членот 10 треба да се изостави и понатаму, согласно потребите, практични и т.н., минситерот за надворешни работи во одредена ситуација, и Парламентот можеби од другата страна да побара, да го има тоа право, но не да претставува своевидна обврска.

Тоа што верувам дека предизвика поширока дебата од колегите, претставуваше и членот 14, каде што се предвидува при различни ставови за некои прашања од областа на надворешните работи, Министерството за надворешни работи во името на Владата или Претседателот на Републиката да предложат на Собранието да расправаат за тоа прашање, што можеби воопшто не претставува никаков проблем.

Но ставот 2 во членот 14, што предвидува да заклучоците што ова Собрание ќе ги донесе, а ќе произлезат од таа расправа, да бидат обврзувачки за органите на државната управа да ги спроведе. Мислам дека ќе влеземе, до колку оваа одредба остане, тоа значи ставот 2, дека ќе влеземе во еден правен преседан каде што за надворешната политика што е поставена во интерес, релациите помеѓу Претседателот и Владата, односно Министерството и Собранието, да во одредени случаеви, кога имаат различни мислења, да главниот арбитер биде Собранието, односно Собранието, како што милуваат да кажат сосема со право колегите од опозицијата, со силата на математиката да ја носи конечната одлука, кое што понатаму, ако остане оваа одредба, ќе биде обврзувачка за сите.

Претходно, од колегите беше истакнато дека, на пример, Претседателот кој исто так се бира на непосредни избори, како ние овде, го има тој легитимитет, Владата се бира на посреден начин и го црпи легитимитетот од Собранието, мислам дека би се довеле во еден правен, недефиниран момент каде што владеачкото мнозинство, без разлика на која страна тоа ќе се однесува, до колку донесе своевидна одлука дека таа мора да биде облигаторна. Тука можеме да имаме проблематични ситуации, каде што во најмала рака, ако се тргне од основата на демократијата, ако една институција, а тоа е во случајот Претседателот, Собранието или Владата имаат различни мислења за одредени прашања од надворешната политика, не е спорно за нив да се расправа, да се дебатира, да се бараат подобрите решенија или да се бара во најдобар случај како тие да бидат единствени. Но, во никој случај не може еден орган да го наметнува своето мислење, една институција да го наметнува своето мислење над останатите. Тогаш ќе навлеземе во основниот корен, ќе го нарушимеосновниот корен на демократијата, а тоа е урамнотеженоста, контролата едни помеѓу други. На крајот на краиштата, до колку одредена институција има различно мислење, вклучително и Парламентот, тоа е негова политичка одлука и за тоа одговорноста не може да ја носи на ниту едно друго место, освен на изборите. На пример, кога Владата во 1999 година го призна Тајван, Собранието единствено што расправаше за тоа прашање, фактички не ни расправаше, беше што го слушна говорот на тогашниот претседател Киро Глигоров. Или се расправаше, се едно. Но, не се донесе спротивна одлука. Вклучително и да се донесеше, Собраниеот не може да ја натера Владата, до колку таа донела одлука да ја промени. Владата ја плати политичката цена за таа одлука, меѓу другото, на изборите 2002 година. И, тоа е сосема легитимно. Тука не треба да се менуваат релациите и да се обидеме да ги наметнуваме едни со други институции кога станува збор за таканаречени проблематични рпашања. Вклучително и ако се донесе одлука од страна на Собранието, Владата односно Претседателот може сосема легитимно да ја задржи сопствената одлука или сопствениот политички став и за тој политички став да ја сноси позитивната или негативната одговорност, секако, реализирана преку подршката или одземање на пдоршката онаму каде што ја добиле. А тоа е на непосредни избори од страна на граѓаните.

Оттаму, сметам дека членот 14, ставот 2 треба да се изостави и воведената во овој момент, со

овој Предлог за донесување на закон, облигација да донесената одлука на Парламентот е обврзувачка за останатите носители на власта, да се изостави.

Во членот 34, каде што се регулираат во повеќе алинеи обврските и правата на дипломатското претставништво, во одредена алинеја, мислам дека е шеста, каде што се предвидува да дипломатското претставништво ја следи надворешната положба и внатрешната положба и активноста на државата и за тоа да го известува Министерството за надворешни работи, а тоа понатаму да го известува Претседателот на државата, како еден од носителите на надворешната политика, сметам дека и постојното решение не е многу проблематично. Но, од друга страна, имајќи ја предвид токму праксата на која што често пати се повикуваме, а мораме, бидјеки не сме имале до сега законски текст, покажува дека можеби е поопортуно или попрагматично дипломатските конзуларни претставништва да информациите за овие области, покрај Министерството за надворешни работи ги доставуваат и директно и до Претседателот на државата, со што би се зголемила и ефикасноста и не би се дозволило, во случај на одредена ситуација, да бирократизираната комуникација, што е неопходна, бидејки тоа се официјални документи помеѓу носителите на надворешната политика, доведе до одредени проблематични ситуации.

Оттаму, сметам дека воопшто ништо не претставува проблем да шефот на дипломатското претставништво,односно амбасадорот кога ги праќа официјалните телеграми, дописи и т.н. до минситерот за надворешни работи, односно Министерството, да истото тоа на паралелен начин го направи и до Претседателот на државата. Нормално, по неа ќе постапуваат во заедничка релација и Министерството и Владата и Претседателот. Тоа е една техничка соработка, што мислам дека би можела да биде од полза за практичното, како што милуваме да кажеме, подобро функционирање.

Во членот 44, во последниот став, каде што се вели дека во отсуство на амбасадор, министерот раководењето на дипломатското претставништво му го доверува на вршителот на работите и во такво случај акредитивите ги издава министерот, сметам дека во најмала рака оваа ситуација треба да се дорегукира или да се допрецизира бидејки сме имале вакви практични ситуации и да минситерот го додели вршењето на вршителот на работите во ДКП а во отсуство на амбасадор, по претходно добиена согласност од Претседателот. Ова го кажувам од проста причина што во нормалната ситуација претседателот е тој кој го потпишува указот и ги доделува акредитивите, го потпишува указот за именвуање на амбасадор, во ваква помалку да речеме или вонредна ситуација, би се довеле во една друга пракса да, да речеме, можеби, одредена политичка гарнитура, во дадена ситуација да процени дека повеќе одговара да во одредено ДКП не наименува амбасадор и тие работи да ги врши вршител на должност. Дефакто, неименувањето на највисокито претставник, раководителот на ова ДКП биде наименуван на едно пониско ниво, без почитување на и она што е веќе наведено во самиот закон и согласно Уставот без указ или добиена согласност од страна на Претседателот на државата.

Сето ова го кажувамод проста причина што во надворешната политика мора да постои во сите односи, а ние ги регулираме сега и ги ставаме на хартија, систем на урамнотежување и контрола. Значи, не смее ниту еден носител на надворешната политика да го има ексклузивното право, да биде тој кој ќе ја креира и спроведува или пак тоа да го прави за сметка на одземање на тие права и обврски од другиот носител. Ова го кажувам токму во тој контекс, каде што оваа потреба, верувам дека ќе се аплицира за сите останати работи.

Членот 47, што е исклучително значаен, а за жал во Република Македонија на многу пати ни се покажа дека ваквата пракса недоволно добро функционира, членот 47 што го регулира отповикувањето на амбасадорот или специјалниот пратеник, односно доколку тој не ги покажува задоволителните резултати и причинил штета во своето работење на Република Македонија. Во претпоследниот став од членот 47, кој гласи дека во случај на незадоволителни резултати, причинета штета за интересите на државата, Претседателот на Републиката може до Владата да упати барање за поведување постапка за отповикување на амбасадорот или специјалниот пратеник. Мислам дека непотребно ја бирократизираме, формализираме, а на крај ја усложнуваме до тој степен постапката за отповикување на одреден носител на таа функција, односно мабасадор во одредено ДКП, да може навистина времето за негово отповикување да биде многу долго, да разултатите што тој ќе ги нарпави во негативна смисла бидат уште полоши и затоа мислам дека во овој став, покрај можноста што е дадена на почетокот на Владата-донесува предлог за повлекување на амбасадор или специјален пратеник-да Претседателот на Републиката, онака како што ги именува со указ, како што го има правото за поставување, да го има правото и за отповикување. Тука нема ништо спорно или нелогично, бидјеки во основа во политиката и во демократијата, тој кој го поседува правото во една насока, мора да го псоедува правото и во друга насока. Тој кој поставува да има право и да отповикува.

За жал, имавме многу случаеви на вршители на оваа функција, амбасадори, главни шефови на ДКП кои, за жал, според мое лично мислење, премногу долго останаа во водењето на својата функција во извршувањето на својата функција, иако требаше многу одамна претходно да се најдат во Скопје. Согласно овие одредби од

законот да не бидат понатамошно вработени во Министерството за надворешни работи и нема во оваа фаза конкретно да ги именувам. Доколку се отвори расправа во оваа насока, можеби ќе поразговараме.

Во членот 49, за кој што верувам дека постоеле голем број дилеми во самото Министерство, берувам дека биле искористени голем број на компаративни искуства, се предвидува да најмалку двегретини од именуваните шефови на дипломатски претставништва се од составот на дипломатските и конзулраните службеници на Министерството.

Секоја чест на Министерството и тоа не само во овој состав, туку и во сите минати, верувам и во идни состави, сметам дека за Република Македонија, како држава од два милиони, со скромна самостојна дипломатска активност од 14 години во оваа фаза, но верувам и со добри искуства од поранешната Југословенска федрација, сметам дека сеуште составот на дипломатските и конзуларни службеници на Министерството е претесен за да ги задоволи сите барања на македонската дипломатија.

Искрено верувам дека иако во тоа Министерство има стручни, професионални кадр кои што ја започнале својата работа и верувам дека ќе ја завршат до крај во тоа Министерство, дека квотата од две третини е премногу голема. И самото Министерствот нема да може да одговори и сметам дека во најмала рака таа може да се намали до 50%. Дека 50% од вработените дипломатски конзуларни службеници во Министерството да бидат расадникот, или контингентот на оние кои што ќе ги пополнуваат дипломатските конзуларни претставништва, но останатите 50% да бидат побарани, или да можат да се регрутираат во останатите области, за кои исто така е предвидено можност во самиот закон, од проста причина што ако видите и покрај постоечкиот состав за да создадете високко стручно и квалификувано и професионално лице, кое што ќе може да ја обавува функцијата амабасадор, според мојата проста математика, доколку тој отиде еднаш надвор од државата, па потоа се врати и го обавува својот мандат повторно во Македонија, па повторно отиде и повторно се врати, тоа се најмалку 16 години, да речете сега создадовме кадар кој што навистина може да одговори на амбасадорското место.

Од таму сметам дека постоечкото место и дури она што ќе го правиме во следниот период ќе биде премало да се исполни оваа квота од најмалку 2/3 вработени во Министерството за надворешни работи. Мене ми е сосема логично, бидејќи овој законски текст произлегува од Министерството за надворешни работи, тие да си го даваат својот екслузивитет повеќе отколку на останатите и во овој и во другите пратенички состави, со другите вработени во Владата, или во други органи дека постојат луѓе кои што ќе можат да ја обавуваат на соодветен начин оваа исклучително важна работа.

Во членот 56 каде што е предвидена одговорноста за шефот на дипломатско-конзуларните претставништва е регулирано дека тој е одговорен пред министерот за спроведување на надворешната политика или надворешните работи итн. Сметам дека е неопходно, бидејќи мислам дека не станува збор за техничка одговорност. Не станува збор за тоа со кого тој најнепосредно комуницира, туку станува збор за политичка одговорност, бидјќи тој ја застапува државата таму каде што работи. Таа одговорност да биде проширена и на Владата на Република Македонија, значи покрај министерот да се доведе дека тој е одговорен пред министерот за спроведување, Владата и претседателот на Република Македонија, со што ќе се зголеми дијапазонот на неговата одговорност, која што не смее воопшто да се сфати дека е оваа тесна или техничка одговорност, туку многу поширока, посериозна смисла.

Мене ме изненади на пример членот 78, не како цел, туку последната алинеја, ставот после неа, каде што од кандидатите кои што можат да конкурираат за извршување на дипломатски конзуларни работи се бара да речеме покрај психофизичката способност и лична подобност. Навистина, иако претпоставувам дека понатаму и тоа може да се види со сосема добра намера и имајќи ја праксата за жал од претходно, подносителите на овој текст сакале да постават одредени критериуми, што може би не можеле до крај да се напишат, или експлицитно, се смета дека ваквата формулација за лична подобрност не одговара на времето во кое што живееме, ниту пак одговара на демократските стандарди кон кои што се стремиме.

Оттаму, сметам дека она што можеби, била интенцијата на предлагачите со оваа обврска за кандидатурата, а се нарекува лична подобност, да биде регулирана на поинаков начин, а не како да речеме и во следниот став, каде што се дефинира што е тоа лицето да е подобно.

На крајот на краиштата, многу е тешко збор против збор, процена против процена, став против став, да се докаже кое лице е подобно, или не.

Оттаму, сметам дека можеби со некој подруг акт, дали тоа ќе биде правилник, дали тоа ќе биде не на овој начин, одредени критериуми, кои што се можеби посуптилни од овие општите кои се наведени се регулираат на сосема поддруг начин.

На пример, во членот 91, каде што се согласувам со вистината, интензитетот на дисциплинските мерки кои што се потребни во случај на прекршување на одредбите од овој закон или на дипломатските норми од страна на извршителите, се смета на амбасадорите, конзулите и останатите носители на функции во декапеата, предвидено е да речеме дека Министерството за надворешни работи може да поднесе дисциплинска постапк, која ќе се

однесува на распоредување на пониско работно место, или престанок на вработување, вклучително и за амбасадорот. Тука повторно имаме една правна нелогичност за органот кој не го именува амбасадорот, му изрекува дисциплинска мерка, што не е спорно, но таа дисциплинска мерка може да се однесува на престанок на неговиот мандат.

Значи, воопшто не е спорно Министерството да дава дисциплилнски мерки, вклучително и за амбасадорот, но тие не смеат да бидат до тој интензитет неговото работно место да биде одземено, односно неговиот мандат да престане, бидејќи во тој случај ќе имаме ситуација претседателот поставил амбасадор, а министерот за надворешни работи со дисциплинска мерка тоа место му го одзема.

Сметам дека единствено за амбасадорот дисциплинските мерки треба да престанат со интензитетот до нивото до каде што неговото место, односно неговиот работен однос да престане. Сосема е легитимно и логично тој да биде казнет финансиски, со сите оние предвидени, со класификацијата на казните, но не и до оној степен каде што тој може да престане да ја обавува својата фнкција. За останатите носители на дипломатско конзуларните работи во представништвата, сите останати санкции можат да се применуваат од страна на Министерството за надворешни работи.

Во членот 97, може би јас грешам, но е предвидено за работите и задачите што ги вршат дипломатите се утврдува коефициент во распон од 2,80 до 4,80. Пред недела дена имав прилика кога првично разговаравме на Комисијата за конечно утврдување на една интегрирана листа на коефициенти на сите носители на функции, ако е тоа проблематично, тоа е друга работа, но таму видов дека највисоките коефициенти се 4,50. Во државата тоа го има само претседателот на државата, претседателот на Собранието и претседателот на Владата. Незнам дали е логично на пример, амбасадорот во Берлин да може да има повисок коефициент. Незнам, ова го земам како резерва, бидејќи незнам на кој начин е регулирано, но мислам дека не е логично претставниците имаат повисок коефициент од највисоките државни функции во државата. Можеби износот ќе биде повисок, но коефициентот не смее да биде повисок и тоа на технички начин да се регулира, но тоа е работа со која треба да се занимава Министерството.

Во оној контекст каде што зборувавме за лична подобност, постои во членот 99, но во друга консталација дека звањето амбасадор, може да се одземе со указ на претседателот на предлог на министерот за надворешни работи, на предлог на Владата итн., по неговите повеќе кратни недвосмислени изјави во јавноста, за својата неподготвеност и така натаму да ја претставува Република Македонија во меѓународните односи. Незнам дали ова досега било пракса, но кога јас би го префрлил во праксата тоа би изгледало дека на пример, ако Александар Флоровски е утре амбасадор, а тој во даден момент не сака да биде амбасадор, тој треба пет-шест пати да рече не сакам, не сакам, не сакам, за да му се одземе мандатот. Значи, мислам дека ако е ова резултат на некоја практична ситуација од претходно, во ред. Но, поставено на овој начин, сметам дека не регулира она што можеби, за жал, ќе биде потребно во понатамошниот период. Или пак на пример, во членот 100, во претпоследната алинеја дека дипломатско конзуларните звања се одземаат по неуспешно лечење од зависност од алколол, или опојни средства. За жал, тоа што можев да го видам и со мои очи постоеле вакви случаи, не сакам да верувам дека и понатаму ќе постојат, кога одредени носители на дипломатско конзуларни работи во нашите претставништва, на вака поставена алинеја по неуспешно лечење од зависност од алкохол или опојни средства, не добивам впечаток на кој начин ќе констатираме дека на пример, тој почнал да се лечи од алкохол или опојни средства и кој е тој што ќе констатира дека тоа лечење било неуспешно, за на крајот ние да му го одземеме указот, односно мандатот.

Мислам дека, регулирање на ваква работа треба да постои, бидејќи се случувало, но на овој начин не верувам дека ќе му дадеме одврзани раце на Министерството за надворешни работи да успее да ја регулира, бидејќи, еве има повеќе доктори тука, незнам кој доктор ќе рече овој пациент конечно е неуспешен во лечењето, туку секогаш ќе вели ќе продолжи со третманот и тн., да не навлегувам во медицински работи. Сметам дека преведено тоа во формалните обврски, не докрај доволно прецизно јасно ја регулира оваа потреба. Оттаму, сметам дека во најмала рака да се смени.

Веќе при крајот, она што значи мој обид да дадам допринос за усовршување на овој текст на законот, што верувам дека претставува интенција на сите нас сметам дека, иако тоа можеби е и со овој момент јасно, но можеби треба да се доприцеизира, да немаме повторно нејаснотии во членот 124, каде што се предвидува Владата на Република Македонија по прибавено мислење од надлежните државни органи да издава агреман за шеф на дипломатско-конзуларно претставништво на државата и со ова станува шеф претставништвото на меѓународната организација, тука мислам треба да стои, по добиена согласност од претседателот на Републиката, бидејќи со формулацијата надлежните државни органи, значи државен орган има повеќе форми, сметам дека може да дојде до одредена дилема , доколку ставот на Министерството тоа е доволно јасно, не би гледал дека тука има нешто толку проблематично.

На крајот, онака како што и почнав, ќе кажам дека како пратеник ќе го поддржам предлогот за донесување закон за надврешни работи. Сите овие сугестии кои што се да речеме, мали во однос на она што може да се разговара за овој текст, ќе кажам единствено во насока на

подобрување на текстот, бидејќи Република Македонија си дозволи за жал, 14 години да биде држава без закон за за надворешни работи и не смее да си дозволи во следните една, две, 14, се едно години, да биде во процес на измена и дополна, дополна измена, дорегулирање, допрецизирање на истиот закон. Треба сите да имаме сили кога конечносме се решиле и обврската оваа Влада што ја презема со мандатот од 2002 година да донесе закон за надворешни работи, тоа да го напрвиме навистина, на вистински начин, на начин на кој што Собранието ќе го даде, нормално, конечниот збор, но тоа да биде направено на начин на кој што и јавната дебата и експертите од оваа област, но и ние како дел на спроведувачи и креатори на надворешната политика, ќе ги дадеме нашите сугестии и јас сакам да верувам дека во Министерството за надворешни работи, сите забелешки, сугестии, дополнувања, дилеми на крајот на краиштата ќе бидат земени предвид и дека на крајот до крајот на годината, верувам ќе добиеме навистина квалитетен текст со сето она што можеби било обична пракса ќе биде ставено на хартија. Сето она што било негативно од вообичаената пракса ќе биде исто така ставено на хартија, но да биде санкционирано и регулирано и за сите оние останати релации, што се водеа на еден или на друг начин да бидат формализирани. Верувам дека во следната фаза Собранието ќе обрати внимание во своите работни тела на усогласување на овој закон со Уставот, што е обврска за секој закон, вклучително и за овој итука нема ништо нелогично. Ова го кажувам од јпроста причина што вчера во расправата имав шанса да слушнам една моја колешка да биде на некој начин обвинета зошто го коментирала заклучокот на Законодавно-правната комисија и тоа лично мој колега, што мислам дека е некоректно, од проста причина што секој пратеник има право од оваа говорница да каже што мисли со најдобра намера, вклучително и ако тоа се однесува на Законодавно-правната комисија. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Ивановски.

Госпоѓо Којзеклиска повелете имате три минути реплика.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Од она што го слушнав од колегата и Игор Ивановски се потврдува она што го зборувавме вчера и она што произлегува од вчерашната расправа дека во секој случај надлежностите на органите се недефинирани до крај.

Во однос на излагањето на господинот Игор Ивановски постои една нишка, сигурно ќе се согласите со мене, во однос на акцентирањето на улогата на претседателот на државата во креирањето и спроведувањето и на надворешната политика и на надворешните работи. Токму тоа може да предизвика активирање на примената на членот 14, она што го зборуваше колегата Ивановски, ставот 2. Значи, мора да постои еден избалансиран орган кој во случај на различни ставоти за некои прашања од областа на политиката, ќе даде едно заедничко решение. Со овој предлог предложено е дека Собранието треба да расправа по тоа прашање. Предложено е Собранието да биде тој избалансиран орган и тие заклучоци кои Собранието ќе ги донесе да бидат задолжителни за сите органи.

Значи, моето укажување на господинот Ивановски е дека тој член можеби не во таква форма, можеби ќе треба да биде терминолошки допрецизиран, меѓутоа,, токмуј заради она што го кажа во самиот негов говор, наведувајќи го она што не е наведено во законот, а се однесува на претседателот, значи, ставајќи акцент на надлежностите на претседателот во спроведувањето и креирањето на надворешната политика, треба да постои ваков орган. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Ивановски.

**Игор Ивановски:** Колешке Којзеклиска да нема забуна, иако верувам дека добро ме слушавте, значи, надлежностите се добро регулирани и тоа не го регулира законот за надворешна работи, тоа го регулира Уставот. Тука не смее никој да има дилема. Значи ние не смееме да го менуваме Уставот. Јас лично кажав дека поставеноста помеѓу претседателот, Владата и Собранието, вклучително и во оваа област е добро поставена и тој го издржа тестот на времето. Она што сакам да кажам, не го акцентирам претседаелот, бидејќи тој е еден од извршителите и носителите на надворешната политика, заедно со Владата, односно Министерството и Собранието, но сакав да укажам дека би се довеле во една нелогична ситуација да не смее на Собранието да му се забрани да расправа за одредени работи од надворешната политика за кои што има спротивставени мислења. Но не смее одлуката која што Собранието евентуално би ја донело, да биде облигаторна за Владата, или за претседателот, бидејќи политичката одговорност и права се разграничени и секој за себе одговара. Тоа е работата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, околу овој член ќе се дискутира и ќе има различни мислења, но ако навлеземе во ќорсокак, сепак некој треба да арбитрира.

Господине Жерновски имате збор.

**Андреј Жерновски:** Блгодарам почитуван претседателе, почитувана госпоѓо министер, почитувани колеги пратеници, дозволете ми на самиот почеток да го поздравам овој предлог за донесување на закон за надворешни работи од име на пратеничката група на Либерално демократската партија и од мое лично име и веднаш да го искажам своето задоволство што сериозен пристап има и од страна на Министерството и од самиот министер, за што овој оди во повеќе фази, ние самите кажуваме за

овие законски проекти дека треба да одат во повеќе фази, за да биде поквалитетен, за да може не само пратениците туку и стручната јавност да си го каже своето мислење. Но исто така, радува пристапот на пратениците кои што мошне сериозно ја сфативме оваа тема, па дури и парламентите од другите земји би можеле да се гордеат за начинот на кој овде квалитетно дискутираме за овој закон и во право се сите оние кои што тврдат дека ние се повеќе и повеќе ја разбираме едноставно, оваа проблематика и сме вклучени во неа, затоа што Парламентот е многу битен чинител во целата оваа Евроинтеграција.

Мене ме радува што имаме доста конструктивен настап од самата опозиција, се радувам на различните размислувања од страна на опозицијата, уште повеќе се радувам кога има различни мислења и во најголемата парламентарна група и во другите пратенички групи кои што го формираат мнозинството и тоа е за поздравување и тоа кажува дека полека Парламентот си ја добива вистинската улога која што му припаѓа според Уставот. Посебно за поздравување е тоа што ние денеска расправаме за донесување на законско решение кое всушност не постои во сите земји на Европската унија, или можам да кажам по некоја слободна проценка и по некоја анализа дека речиси 50% од оние кои што се веќе членки на Европската унија немаат вакви закони што кажува за уште еден квалитет повеќе дека ние не одиме веќе на едноставно копирање на сето она што веќе постои како закон во земјите на Европската унија, или да биде тоа лимит, туку одиме чекор понатаму и она што самите сме го сфатиле како потреба сме го имплементирале. Мислам дека со самиот ваков пристап кон дефинирање на нашиот правен систем, односно би рекол само свесноста за донесување на ваков закон ние ќе се приближиме до развиените европски демократии, ќе ја направиме Република Македонија она што сите сакаме, а тоа е да стане партнер и во Европската унија и во НАТО каде што ќе бидеме добредојдени, затоа што самите нудиме свој помеѓу другото и автентичен квалитет.

Дами и господа, сметам дека овој закон е од едно исклучително значење не само за дефинирањето на односите помеѓу државните органи кои се фактички вклучени во креирањето, утврдувањето и извршувањето на надворешната политика и надворешните работи, туку создава една законска рамка конечно за нешто за кое што сите се бориме, а тоа е создавање на еден навистина позитивен квалитетен имиџ за Република Македонија кој што во овој момент морам да кажам дека е добар, но се разбира може и мора да биде уште подобар, затоа што тоа е задача не само на Министерството и на Влаата, туку се разбира и на пратениците.

Она што е посебно важно, јас ќе го употребам тој израз скромно беше кажано од страна на министерот дека ова законско решение всушност отвора една прилично квалитетна можност нашата земја фактички не само да ја следи заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија, туку и Република Македонија да ја направи активен чинител во истата политика, затоа што со процесот на нашето пристапување кон Европската унија и кон НАТО, а на кој што сме се разбира на еден добар пат, би рекол, ние самите едноставно се определуваме всушност тоа мораме отворено да го кажеме, го споделуваме всушност нашиот суверенитет во рамките на европските и евроатлантските процеси. Ако го антиципираме нашето членство во Европската унија и во НАТО, веќе мораме така да почнеме да размислуваме, тогаш мораме да ја предвидиме нашата улога која што всушност ќе ја имаме во тие новонастанати околности што Владата го прави со неколку оддели за овој закон и се разбира тоа радува, затоа што таа е онаа која што треба полека да ни дава насоки во кој правец треба да почнеме не само да размислуваме, туку и да делуваме. Нашата цел како што рековме е сосема јасна и е заедничка и на власта и на опозицијата, тоа е да бидеме полноправни членки во Европската унија и во НАТО. Не можеме да ја гледаме само низ финансиските придобивки кои што се несомнени и кои што ги извлекоа земјите од транзиција во еден многу посериозен и поквалитетен систем, туку да размислуваме долгорочно, да обезбедиме еден привилегиран статус како еден влијателен чинител онолку колку што можеме, колку е нашата големина, но се разбира да ја земеме во предвид нашата положба на овие мошне битни простори.

Морам да истакнам дека предлогот на содржината дава добра основа за норматива која секако треба да се доработи и токму затоа го поздравувам овој пристап на Министерството да се оди на јавна расправа која што како што е познато допрва претстои. Во таа расправа во која се надевам дека посебно учество ќе земе и невладиниот сектор затоа што тој е битен и често со право не критикува, ќе треба сите да вложиме еден посебен напор за да на крајот произлезе решение кое ќе ги почитува, како што рече и претходниот колега и сите други колеги, да ги почитуваат уставните решенија, но кој што пак од друга страна, ќе потенцирам треба да води сметка за нашата определба за зацврстување на системот на парламентарната демократија за која што јас ќе се борам до крај и за кое што очекувам дека токму Парламентот ќе се бори за парламентарната демократија, затоа што на крајот на кариштата ние сме претставници во Парламентот.

Ценам дека предлозите кои што ги содржи Предлогот кој што денеска е пред вас и за кој што реков сериозно дискутираме токму во таа насока на нашата определба и мене ми претставува лесна задача сега од името на пратеничката група да ги поддржам овие решенија затоа што се токму во онаа насока за која што ние се

бориме, а таа улога која што самите си ја наметнавме е без разлика која и каква политичка опција претставуваме е да си ја земеме вистинската улога која што ни припаѓа според Уставот на Република Македонија. Така што ако го земеме членот 6 и ако го читаме токму тој предлог на Владата, мислам дека има, се разбира простор за едно понатамошно појаснување и појасно утврдување ако сакате на парламентарниот систем и во сферата на надворешните работи, а тоа е дека Собранието треба да биде она кое што ќе ги утврди, или ако сакате, подобро ќе ги донесе насоките попрецизно за надворешна политика. Сведоци сме на различни размислувања во однос на ингеренциите кои се предвидени во Устаот на Република Македонија, тоа е затоа што Уставот не е доволно прецизен. Собранието е највисок претставнички дом на граѓаните кој всушност е извор на суверенитетот на државата. Оттаму и улогата која мора да ја имаме во рамките на надворешните работи треба да е несомнена. Неслучајно токму Собранието е тоа кое заедно со Владата знаеме дека игра клучна улога, или би требало, би рекол да игра клучна улога во интеграцијата на Република Македонија во Европската унија и во НАТО токму преку различните меѓупарламентарни комитети и делегации. Ќе кажам дека овој парламентарен состав отиде чекор понатаму за што добиваме комплименти, сериозни пофалби од нашите колеги, како и од другите парламенти така и од самиот Европски парламент, затоа што се чувствува многу посериозно, многу поквалитетно учество на пратениците од нашиот Парламент. И тврдам, пак ќе кажам веројатно ова звучи нескромно, меѓутоа тврдам дека пратениците во голема улога сега учествуваат во оној позитивен имиџ кој што го има Македонија во Брисел, односно во земјите на Европската унија.

Не треба да има дилеми во однос на ингеренциите на претседателот на Републиката во однос на надворешните работи, во однос на надворешната политика. Ќе се согласам со еден, или повеќе претходни дискутанти дека имаме сосема нејасна реченица во членот 79 како и 84, 119, 120 и 121 ја бележи улогата на претседателот согласно Уставот, меѓутоа самата реченица: претседателот на Република Македонија, во член 79 дека ја претставува Републиката, ќе се согласите сите дека е една сосема нејасна дефиниција, односно остава простор токму овде да ги спротивставиме нашите размислувања на оваа тема чии и какви треба да бидат ингеренциите во оваа мошне битна тема. Уставот не е тој кој во детали ги разработува процедурите и начинот на остварување на тие ингеренции и токму затоа Собранието, односно овој претставнички дом, наш дом е единственото тело според мене кое во нашиот демократски систем ја дефинира законската норматива, тоа треба и мора да биде така кое пак го предвидува ефикасното функционирање всушност на системот кој што треба да функционира во Република Македонија. Имајќи го тоа во предвид значењето на донесувањето и однесувањето на Парламентот е навистина големо. Се отворија сериозни дилеми за една многу интересна релација, за тема која што пред тоа беше и тоа како третирана во медиумите, а тоа е Собранието како арбитар помеѓу политиката, ако може да се каже помеѓу Владата и претседателот на Република Македонија, односно улогата на Собранието, јас морам да ја подвлечам всушност предвидената регулатива за разрешување на евентуалниот спор помеѓу двата столба на извршната власт, односно Владата и претседателот.

Членот 14 од она што го имаме пред нас, би рекол на многу софистициран начин му ја враќа улогата на Собранието токму онака како што вели член 6 кој што му ја дава на Собранието онаа улога на тело кое што ги дефинира општите насоки на надворешната политика. И ако сме сите согласни за тоа, или се разбира повеќемината согласни за тоа, за нашата улога за која што самите, како што кажав баравме да ја преземеме и за улогата на Собранието во поглед на надворешната политика и надворешните работи, тогаш ние едноставно мора да го поддржиме токму овој предлог и не треба да имаме сомнение дека самото Собрание треба да биде тоа тело кое во еден систем и услов, пак ќе кажам на парламентарна демократија ќе го има последниот збор. Се разбира ние можеме и треба да дискутираме за цензусот кој треба да се употреби во случај на Собранието кога се јавува како арбитер, но на крајот на краиштата самото парламентарно, или простото парламентарно мнозинство ја определува надворешната политика со самиот избор, тогаш зошто не и тоа да биде она кое што ќе ја донесе конечната одлука.

Она што е особено важно, или еден многу битен дел, многу важна компонента на предлогот, а што е од особено значење во модел на функционирањето на либералната демократија за која што се разбира ние и те како водиме сметка е зацврстување на професионалноста во сите домени на државната администрација, вклучувајќи ја и професионалната дипломатска служба. И тука едноставно ќе бидам само уште еден меѓу оние кои што ќе се придружи на критиките за квалитетот на неколку, или повеќемина наши претставници во дипломатските претставништва. Се разбира за поздравување е предвидената професионализација на сите нивоа на дипломатската служба, значи самото Министерство, односно самата Влада констатира дека тоа е повеќе од потребно. Сепак, за да се постигнат очекуваните резултати едноставно мора да се размисли во следните фази и сигурен сум дека тоа ќе биде едно од битните размислувања е да имаме зајакнување на критериумите за избор на кандидати за амбасадори и генерални конзули, затоа што несомнено не би требало тие да ја добијат

привелегијата да ја претставуваат државата без одобрување на ова Собрание.

Член 48 вели: за шеф на дипломатско-конзуларното претставништво се именува државјанин на Република Македонија со универзитетско образование и познавање на два странски јазика од кои еден светски. Гледам дека ова е сосема недоволно за да можеме да избереме вистинска личност ние мораме едноставно да наложиме повеќе поостри критериуми само за да дојдеме до квалитетот, да побараме работно искуство на тој што ќе ја добие оваа задача, да побараме каква тежина на задачи добил, каква е неговата досегашна дипломатска кариера. И ние ако сакаме да примениме други искуства, затоа што овој закон и тоа е за поздравување и користи други искуства за да дојдеме до критериуми кои што ќе ни овозможат да избереме вистинска личност, а да не си дозволуваме самите да ги наведнуваме главите кога ќе ја видиме улогата на некој наш амбасадор во странство, затоа што верувајте, за жал имаме личности кои што се далеку, далеку под нивото на она кое што треба да го имаат. Овде колегите досега решија, особено мојот претходник кој што има сериозен увид во квалитетот на оние кои што не претставуваат, значи досега избегнаа да употребуваат имиња, и јас ќе го сторам тоа истото. Но, сметам дека во следната фаза кога ќе добиеме уште подобар и уште попрецизен закон, мислам дека треба да спомнеме некои имиња и некои настани кои што нашата битка за имиџот навистина ја прават понекогаш и едноставно невозможна затоа што во некои земји имиџот на нашите амбасадори е на незадоволително ниво.

Исто така, имајќи ја во предвид и сегашната дипломатска мрежа се јавува потребата за зајакнување, како што кажав, на оние барања кои што ќе ги набележиме. И се разбира тоа не зависи само од желбата која ја имаме, туку од кадровскиот потенцијал со кој располага Министерството. Јас сум сосема свесен дека и овој текст е напишан затоа што и министерот и луѓето кои што внатре работат, или го подготвувале овој предлог знаат во моментов како реално, со какви казни реално располагаме. Меѓутоа, ние мораме полека да ги изоструваме тие критериуми. И едноставно во Министерството е повеќе од очигледна потребата од нов кадар кој несомнено ќе внесе нова свежина во нашата дипломатија која што мора да биде, како што кажав, уште подобра.

Она што е интересно според член 31 е дипломатскиот совет. Мислам дека тоа е еден сосема позитивен предлог и за тоа мора да упатиме пофалба до предлагачите за можноста за формирање на овој дипломатски совет како едно советодавно тело на министерот. Тој еднаш е применет во Министерството, но го поздравувам затоа што даде една одлична можност за вклучување на повеќе актери кои што не припаѓаат само на политичкиот систем или политичкото миље во оваа држава, туку кои што се претставници, ако сакате на невладиниот сектор, на граѓанското општество да дадат свој придонес кон креирање на националната надворешна политика, бидејќи едноставно во овој момент ние мораме да ги употребиме сите расположиви ресурси кои што ги имаме, затоа што само така можеме да дојдеме најбрзо до целта која што си ја поставивме, а тоа е полноправно членство во евроатлантските структури. Овој совет мора добро да се осмисли, да се дефинира многу прецизно неговата улога и да се утврди кој се може да биде негов член, затоа што тој едноставно ќе биде форум во кој ќе има членови не само од оние кои што ја поддржуваат Владата, или размислуваат исто и слично како Владата, туку и оние кои не размислуваат исто, кои што размислуваат поинаку, а се разбира се со цел да добиеме еден навистина активен квалитетен дипломатски совет кој што ќе биде од корист на работата на министерот за надворешни работи.

Се разбира, не сакам да се повторувам, во овој момент во интерес на времето, со сите оние кои го спменаа фактот дека овој закон се носи 14 години од прогласувањето на нашата земја како независна и суверена држава. Но, јас морам на крајот да го потенцирам значењето на овој законски проект, бидејќи со него конечно нашата дипломатија ќе профункционира, или би требало да функционира според македонски автохтони, или автохтон модел, затоа што се разбира не мора секогаш да оди според наследена и по многу нешта некомпатибилна поранешна југословенска регулатива која ние мораме да ја направиме многу поефикасна, односно да ја преадаптираме на нашите услови. Токму затоа почитувани колеги на крај сакам да кажам дека нема двоумење меѓу нас и се разбира очигледно тоа е ставот и на парламентарците овде сите, дека императив едноставно е зацврстувањето на независноста на Република Македонија и тогаш гласањето за овој Предлог на закон за надворешни работи треба да ја отслика таа потреба. Пак ќе кажам, ова е една дискусија која што само радува, која што кажува дека ние многу сериозно ја имаме сфатено нашата улога како земја, или нашата улога како највисок претставнички дом во овој систем и токму со вакви дебати, односно вакви дебати им даваат за право на граѓаните на Република Македонија со оптимизам да гледаме утре дека и вратите на Европската унија конечно ќе се отворат за едно полноправно членство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор господинот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата и министри. Од каде да почнам и каде да завршам? И минатиот пат почнав со еденваков вовед. Добро е што се носи закон кој ќе регулира одредени односи во македонско надворешно работење, иако и досега никој не спомна дека постоеше закон преземен од бившата СФРЈ од 1981 година кој беше важечки. Со донесување на овој закон

престана да важи Законот од бившата СФРЈ. Значи, имавте некоја законска регулатива според која моравте да работите. Колку беше таа квалитетна, не сакам да навлегувам, ниту сум ја видел, ниту сум копметентен да говорам, а прашање е колку од нас пратениците успеаа да го видат тој закон од бившата СФРЈ. Прв пат се судруваме со една ваква материја. Не сум некој експерт. Ќе дадам едно политичко видување на сите овие настани. Но слушајќи одредени пратеници вчера и денеска имам чувство дека ќе се изродат од овој Паралмент барем четири-пет добри министри за надворешни работи и уште толку амбасадори. Од 1991 година до 2005 година мора да признаеме дека работите не ни се движат во добар правец, почнувајќи од оној "сјајниот" министер Денко Малевски кој не можеше Македонија да ја замисли самостојна, туку во склоп на Југославија, па до ден денешен како некој баксуз да ни остави во овие 14 години никако работите да ни тргнат. И се сеќавам кога си даде оставка, кога ги фрлаше тефтерите, дека не може да работи со националисти, со дивјаци, не знам кои комплименти ги делеше овде, говорам за периодот 1992 година, не избаксузира што и денеска за жал 2005 година работите никако да ни тргнат.

Имаме две работи кои се за спомнување како позитивни, а тоа е 2000-та година кога не примија во Асоцијацијата со Европската Унија и признавањето на САД.

Тие се две работи кои можам да ги одбележам како позитивни. Признавањето од Америка не знам на кого може да се припише, дали на работењето на оваа Влада и Министерството за надворешни работи или на македонското лобирање или на одредени македонски патриотски организации во Америка, тоа не е битно, битно дека не призна под уставното име. Да не бараме сега влакно во јајцето, не е добро, треба да се гради единство, треба сите да се сплотиме, да тргне работата напред.

Но, чувството дека нон-стоп некој не матка и си играат со нас, никако не ме напушта. Има безброј примери. Јас незнам како министерката се чувствува кога разговара со тие луѓе кои во очи ја лажат, а не лажат и нас, на пример изјавата на Рупел, дека македонското сонце и европското небо им е судено да бидат заедно, а притоа министерката...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски три минути од вашата дигресија поминаа, ова ви е прва дигресија...

**Александар Флоровски:** Ова е во функција на Законот, претседателе. Ова е прва фаза, дозволете да ви кажам, ако сакате да ме прекинете, ова е прва фаза....

**Љупчо Јордановски:** Сигурно ќе ве прекинам.....

**Александар Флоровски:** Ова се вика општа расправа каде може да говориме и за ова што сега го говорам е во функција на законот. Немојте да ме сечете, јас сум пратеник како што сте избрани и вие од десетина илјади луѓе и претставувам одредена гласачка групација....

**Љупчо Јордановски**: Зборувајте тогаш...

**Александар Флоровски:** А за што зборувам, не зборувам за Баба Зумбула...

**Љупчо Јордановски**: Не, не, на македонската дипломатија...

**Александар Флоровски:** Ве молам немојте да ме прекинувате, ве молам да не ме прекинувате. Ова го говорам со еден позитивен тон...

**Љупчо Јордановски**: Не спомнувајте имиња, ве молам, а поготово не на странски државници...

**Александар Флоровски:** Знаете колку ми е гајле за странски државници кои секојдневно не маткаат, не чукаат по раце, а никакви ефекти нема од тоа. За тоа сакам да проговорам. Дали македонскиот синдром на наведната глава сеуште треба да постои.

**Љупчо Јордановски**: Прва опомена, продолжете.

**Александар Флоровски:** Ајде прекинете со тие ваши картони, ве молам. Нема да го спомнам господинот што го спомнав, само цитатот ќе го кажам дека македонското сонце и европското небо морале да бидат заедно, карикирам, а нашата министерка бара олеснување за визно-пасошкиот режим со Словенија. Кој е тој апсурд од една страна наводно ни даваат поддршка, а од друга страна македонскиот граѓанин е буквално затвореник во сопствената држава затоа што нема каде да отиде. Кај и да сака да отиде мора да извади виза, а за да извади виза треба да се окози, десетина дена да чека пред незнам која амбасада да извади виза за да може да излезе од државата.

Говориме за практични работи претседателе, во функција на законот.

**Љупчо Јордановски**: Само кажете ми со овој закон како тие практични работи ќе ги разрешиме.

**Александар Флоровски:** Имаме Министерство, имаме експерти, јас како пратеник прашувам и коментирам и давам сопствени констатации. Не сум јас министер за надворешни работи. Кога ќе бидам министер за надворешни работи, јас ви кажувам со што се судруваат македонските граѓани и во каква ситуација се наоѓа Република Македонија и ние како нејзини граѓани.

**Љупчо Јордановски**: Во потполност се согласувам само кажете ми како со овој закон тоа ќе го надминеме, ајде дискутирајте така.

**Александар Флоровски:** Ова општа расправа ли е? Кажете ми дали е општа расправа каде можеме да даваме и политички оценки за одредени работи или не е?

**Љупчо Јордановски**: Политички оценки за законот дајте, но не за визи, не за господинот Рупел, не за сите тие работи.

**Александар Флоровски:** А што е визно-пасошкиот режим, да не треба да го повикам

министерот за внатрешни работи? Се знае кој е одговорен овде.

**Љупчо Јордановски**: Не е на крајот на краиштата и доверба на госпоѓа Илинка во врска со ова.

**Александар Флоровски:** Па не и барав доверба. Гледате ли како настапувам со позитивна енергија и дека мојот гнев не е насочен кон министерката, туку кон тие што доаѓаат секојдневно овде и не маткаат дека денес, утре, задутре ќе бидеме примени во Европската Унија. Таму е насочен мојот гнев. Јас не се сомневам дека министерката право се што може. Зарем се сомневам дека ќе работи против сопствената држава, мене за друга работа ме погодува. Секој што доаѓа овде ги пречекуваме на голема врата, не испраќаат со поздрави и честитки, кога ќе стигнат во матичните држави е, тоа не важи, ќе бидете примени 2010 година. Тоа ме боли. И тоа во функција на овој закон и ќе говорам зошто е во функција на овој закон. Немој да ме прекинувате ве молам...

**Љупчо Јордановски**: Имате уште една опомена.

**Александар Флоровски:** Не ви личам на коњ да ми ставате ам, да говорам онака како што вие сакате. Земете збор, говорете вие како сакате и држете се до законот. Јас се држам до она што е предложено. Ова е прва фаза, кога ќе говориме за текстот, тоа е сосема друга работа. Ќе ви кажам и со кои членови се согласувам со кои не.

**Љупчо Јордановски**: Повелете.....

**Александар Флоровски:** Немој да ме прекинувате.

**Љупчо Јордановски**: Стигнавме до целта, повелете.

**Александар Флоровски:** Гледате дека излегов со навистина позитивна енергија.

Бевме лидери на Западниот Балкан. Од лидери паднавме долу, не знам кое место го држиме. Ни се случува една фрапантна работа. Значи, нема критериуми за Европската Унија, туку има пријателски врски, се јавува Австрија како гласноговорник на Германија и вели дека Хрватска треба да ги почне преговорите затоа што е стратешки партнер на Австрија. Мислам човек навистина да се прекрсти. Нема нешто што не исполнивме како држава. Растуривме војска, направивме триста акробации, буквално изменивме се од корен, пак не сме подобни за таа пуста Европска Унија и за НАТО.Тоа е тоа претседателе што ме боли мене. Се што ќе ни кажат правиме, а никој тоа не го есапи. Едноставно си играат пет камци и со Македонија како македонска држава и со нас, да не говорам какво им е чувството на претставниците на Министерството за надворешни работи во такви разговори,во очи да ве лажат европски дипломати. Знаеме ние во Европа како се успева.

Ајде да не биде трета дигресија ќе ме прекинете, ќе ви кажам после како успеваат некои да се пробијат.

**Љупчо Јордановски**: И такво нешто треба во закон да ставиме.

**Александар Флоровски:** Излегува некој си министер од соседнава држава и вели Македонија е Грчка. И за тоа да не говорам? Па излегоа Амнести интернешнел и велат дека Грција го угнетува македонското малцинство. Па јас сум од таму по потекло, како да не го спомнам тој момент. Тоа не е во моја надлежност, тука треба да се слушне гласот на Министерството.

**Љупчо Јордановски**: Господине Флоровски десетина минути зборувавте за она што мислеве да го кажете, ве молам напуштете го местото.

**Александар Флоровски:** Не, сега ќе продолжам.

**Љупчо Јордановски**: Исклучете го господинот Флоровски. Ве молам напуштете ја говорницата.

Не ја прекинувам седницата, десет минути ве молам пристојно да зборувате за законот, вие предложете точка на дневен ред случувањата во Европската Унија во врска со последните приеми, па ќе дискутираме.

(И покрај исклучувањето на господинот Флоровски тој продолжува со дискусија)

Потрошивте десет минути од вашето време, имате право на три дигресии и ве молам јавете се втор пат, сега ќе седнете, ќе се јавите втор пат и ќе продолжите со ова. Ве молам седнете на своето место.

Господине Караџоски имате процедурално, повелете 3 минути.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, од името на Пратеничката група на ВМРО - Народна партија барам еден час пауза за да обавиме дополнителни консултации по повод одземањето на зборот на господинот Флоровски.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам, имате еден сааат пауза до 13,13 часот. Еве баш тринаесетки се погодија, несреќа за мене, очигледно.

(Седницата прекина во 12,13 часот)

**(По паузата)**

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците како и претставниците на Владата да влезат во салата.

Господинот Рамадани не е тука.

Повелете господине Витановски имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе,

Јас ќе бидам краток за овој закон, бидејќи моите колеги веќе два дена расправаме и мислам тоа е добро што на овој закон му посветуваме така големо внимание.

Прво, околу потребата за донесување на овој закон сметам дека има потреба да се донесе овој закон, бидејќи ние како Република Македонија и како независна држава во овие 14 години до ссега работевме по одредби од Уставот односно нашата надворешна политика ја водевме преку неколку члена од Уставот на Република Македонија, а немавме закон за надворешни работи. Во овој момент сметам дека кај ниту еден од колегите пратеници нема дилема дали има потреба од овој закон и мислам дека ваков закон е потребен и недвосмислени се сите дискусии

околу тоа дека законот треба да го донесеме односно да донесеме заклучок дека законот треба да го донесеме на оваа седница т.е. потребата за донесување на овој закон.

Сметам дека е потребно, а и во досегашните дискусии се водеше голема расправа околу тоа кои се надлежностите на пооделните органи кои што ја водат надворешната политика. Треба да се каже дека во своите дискусии пооделни колеги ги искажуваа своите мислења и тоа е добро. Добро е и тоа што овој закон оди во редовна постапка, како и ја поздравувам иницијативата на овој закон во редовна постапка на тој начин што ќе има и јавна расправа. На тој начин ќе може да се искаже свое мислење од страна на сите пратеници и пратенички групи, а и јавноста и невладините организации по овој толку значаен закон, барем за мене, ова е системски закон од кој што ќе зависи водењето на нашата надворешна политика.

Најголемите дилеми кои што се водеа во овој Парламент тоа се вршењето на надворешните работи односно членовите од 3 до 25 и сметам дека тука е клучното прашање на овој закон. Јас нема да навлегувам во членовите за кои што дискутираа моите колеги. На пример, членот 6, членот 10, членот 14 итн, но мислам дека ова е добра основа и законот е добар и дава една основа за отворање на една расправа и носење на еден квалитетен закон. Сметам дека Министерството за надворешни работи и Владата ќе направат исклучително квалитетен закон. Моето видување е следното дека овој закон треба да ги разграничи надлежностите на органите кои што се повикани да ја водат надворешната политика односно да се разграничат надлежностите и тоа на министерот за надворешни работи, на Министерството, на Владата, на премиерот, на претседателот на државата и на Собранието. Мислам дека во законот треба да се даде поголем акцент на Собранието на Република Македонија односно на Парламентот во водењето на надворешната политика и тоа да не се сведува само на носење на закони за ратификација на меѓународни договори. Мислам дека во законот треба да имаме за Парламентот да има поголема улога во однос на надворешната политика.

Во втората фаза од овој закон кој што ќе се носи, како што и спомна министерот за надворешни работи, некаде до крајот на годината, значи во декември, ќе се земат предвид сите овие заклучоци и предлози од страна на колегите пратеници и дека ќе направиме квалитетен закон кој ќе биде основа за водењето на нашата надворешна политика. Во основа законот не треба да оди надвор од Уставот, да ги задржи уставните рамки. Кога ќе се разграничат надлежностите на претседателот на државата, на премиерот, на Владата, на министерот за надворешни работи, на МНР, ќе имаме квалитетен закон за кој што закон ќе биде еден од условите за влез во ЕУ и ќе биде усогласен со европското законодавство. Но, впрочем не е само водењето на реформи и носењето на овој закон за влез во ЕУ и во НАТО, се виде и е очигледно дека треба да имаме и добар партнер, покрај САД, треба да имаме и некој добар партнер од ЕУ кој ќе треба да лобира за нас за влез во ЕУ.

Нашата обврска која беше од 2002 година, да го донесеме овој закон, ние еве после 3 години од владеењето на власт како СДС, ќе го донесеме овој закон.

На крај го поддржувам овој закон и пратеничката група на СДС ќе го поддржи овој предлог на закон. Благодарам претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Повелете господине Крстевски имате збор.

**Зоран Крстевски:** Благодарам господине претседателе,

Почитувана министерке за надворешни работи, почитувани колеги.

Навистина, треба да се честита на министерката што ни предложи закон за надворешни работи. Бидејќи, ова е еден голем исчекор, да речам, и политички, 14 години Македонија е во меѓународната комуникација како самостојна држава и редно беше да ги уредиме и внатрешните односи во тоа како едно министерство на Владата на Република Македонија треба да делува во остварувањето на политиката на Република Македонија. Од тој аспект овој закон кој сигурно ќе оди во јавната расправа и ќе предизвика одредени полемики и размислувања кај експертите, кај познавачите на дипломатијата, има многу квалитетни решенија и во крајна линија се препознатливи решенија за сите демократски развиени парламентарни држави.

Има решенија кои се новитет и кои имаат политички предзнак, со оглед на тоа што нашиот уставен поредок има така да кажам поделени принадлежности во водењето на надворешната политика помеѓу извршната власт односно Владата на Република Македонија и претседателот на Република Македонија. Со оглед на тоа што сега го немаме мислењето од претседателот на Републиката, се надеваме дека, бидејќи од иста политичка опција доаѓаат, веројатно формално или неформално можел да биде консултиран и се согласил на некои од решенијата или пак во јавната расправа ќе видиме и спротивни мислења од претседателот на Републиката, што за нас пратениците ќе биде важно, со оглед на тоа што со овој закон вака како што е концепиран се јакне улогата на Владата, а се слабее улогата на претседателот на државата онака како што е уставно поставен тој во делот на односите на надворешната политика.

Според тоа, ако дојде до таков конфликт на интереси, така да кажам, на нас пратениците ќе биде да се одлучиме дали ќе остане продуктивно решението кое претседателот на државата ги именува амбасадорите по предлог на Министерството односно Владата, но ќе треба да

биде јасно во овој закон што ако претседателот сака да смени амбасадор или пак кога иницијативата за смена на амбасадор доаѓа од страна на МНР односно од Владата. Тој дел во овој закон треба да го расчисти овој однос помеѓу изворните ингеренции на претседателот и односите со Владата. Во тој контекст на релација претседател на држава и МНР и Влада, се поствува прашањето околу оргинерните функции на претседателот на државата кој ја претставува државата надвор, а се однесуваат на прашањата на преговори. Овде во овој концепт тоа право на претседателот се дерогира односно дефакто се одзема. И, ако е тоа новина, тогаш треба да бидеме сигурни дека ние полека но сигурно одиме кон градење на еден поинаков парламентарен систем во кој ќе се јакне улогата на Собрабнието, бидејќи овде по овој закон некои принадлежности ги добива Собранието во нешто што досега во Уставот не е профилирано како такво. На пример, Собранието да носи заклучоци кои ќе бидат обврзувачки за другите органи кога се работи за прашања од областа на надворешната политика.Такви обиди и Собранието во овие 14 години имало да наметне со заклучок нешто што е можеби во моментот актуелно, меѓутоа од некои други причини, реформи или било што Владата не се согласувала со таков однос, така што во овој закон прв пат се појавува еден таков инструмент. Мислам дека тука треба уставно-правно да се расчистат позициите и на Собранието кога се вметнува ова право. Дали тоа ќе биде исклучок само за надворешните работи или тоа ќе биде прашање кое понатаму ќе се протега како право на Собранието да носи заклучоци кои ќе бидат обврзувачки во некои други свери.

Понатаму, ние имаме една, да речам, пракса во која и другите министерства по некои обичајни форми соработуваат и ја претставуваат Македонија во надворешната политика. По мене, апсурдно е воено аташе, трговски претставник да не биде директно предлагано и профилирано преку МНР. Тоа создава еден друг амбиент внатре во нашите мисии на некоординираност и мислам дека правилен образец би било сите тие ингеренции да подпаднат под МНР.

Единствено, овде не е јасна една дефиниција која предлага нужност Министерството да доделува некакви ингеренции од својата област на правни лица, поединци и незнам како е овде сето тоа дефинирано. Мислам дека е тоа еден хибриден предлог кој во членот 18 е нејасен и кој може исто така да создаде, да креира состојби на непочитување на уставниот поредок во Република Македонија, бидејќи не е можно тие права кои се утврдени со Законот за Влада, со Законот за управа итн, да бидат пренесени на некоја друга инстанца, особено кога се работи за прашања, еве да речеме, кажа министерката по членот 18 дали на пример некоја институција, на пример Правен факултет може да го овласти таа да преговара за спорот со разликите во името со Грците. Овој член 18 бара концентрација, за да не пренесеме некои права кои согласно со нашиот Уставен поредок неможат така лесно да се пренесуваат.

Главно, тие се забелешките, како и една начелна забелешка околу овој дипломатски совет. Можеби самата формулација може а не мора, веројатно тоа е политика која сега е инспирирана од потребите на овој министер и на оваа Влада, но треба да се види ако има тежина и има пракса во светот да се воспоставува такво тело, тогаш да биде и потврда одредбата во законот дека би можело тоа да биде континуитет. Овој министер сега да го воспостави тоа тело, да го институционализира, да создаде кадар итн, за после него да дојде некој друг, па да си рече бидејќи во Законот се вели по потреба, да го отфрли тоа како иницијатива, затоа што можеби не се слага со некое решение кадровско итн, мислам дека бара внимание и концентрација да се види како тоа треба да изгледа.

Исто така, во овој закон, како во еден друг закон што овде го дискутиравме на дневен ред што е околу воздушна пловидба, се има интенција за одредени позиции да се изместиме од Законот за државни службеници. Мислам дека тоа не е добро, посебно овде што се нагласува за највисока улога на државниот секретар. Тоа си е прашање регулирано со општиот пропис за тоа кои управни места се во министерствата и мислам дека тука треба да се има еден ист пристапи не треба да се извлекува за ова Министерство посебно таква интенција, особено во насока на менувањето на критериумите кои се веќе воспоставени во прописот за државните службеници.

Тоа се некои мои забелешки. Имав и други кои би можеле да бидат упатени, но да оставиме простор јавната дебата истите да ги каже. Еве, благодарам претседателе, толку од мене.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Бидејќи, господинот Кедев не е тука, повелете господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Има една српска изрека која вели вака: "где ја стадох ти продужи". Јас сум престанал претходно, пак повторно продолжувам. Значи, во функција на законот ќе почнам да давам свои видување околу самиот закон. Да не ми се земе за зло, очигледно е дека има намера овој Парламент од повеќе партиски да го претвори во едноумен парламент. За жал, такви тенденции постојат. И, одреден космополитизам да се префрли на сите, таква работа не еможна. Не може никој да ме клонира, но тука ќе престанам. За да не навлезам повторно во една нелагодна ситуација и утре некој да ме обвинува дека намерно правам тензии. Значи, сето ова што го говорам, го говорам со една желба Македонија конечно да тргне од мртвата точка.

Завршив кај тие два позитивни моменти. Едниот беше 2000 година каде што асоцираме со Европската унија и второт признавањето на САД, како два поеклатантни примери кои ни се случија

во оваа 15-ет годишно самостојно постоење. Фала му на Бога и за тоа покрај многуте сопки кои евидентно ги имаме и од нашите комшиии од тие што ни доаѓаат секојдневно, не сакам имиња да споменвуам, но маткаџииод сите видови ги имате. Тоа е едно страшно нешто.

Ќе поминам на самиот текст на законот, член 10 став 2 " во името на Владата минситерот за надворешни работи пред Собранието најмалку еднаш годишно поднесува Извештај за остварување на надворешната политика и за меѓународната положба на Република Македонија, вклучувајќи и безбедносни, одбранбени прашања и т.н."

Јас колку штопамтам и колку што знам од моето скоро 10-ет годишно искуство во Парламентот ова се ингеренции на Претседателот. Според тоа следи едно логичко прашање дали оваа работа вас ви е усогласена. Ако Претседателот на државата, минситерот за надворешни работи и самата Влада сте креатори на надворешната политка дали оваа работа е консултирана со Претседателот на државата кој уставно има ингеренции да покрива и дел од надворешната политика. Ова го прашувам од едноставна причина, сите вие заедно сте припадници на една политичка елита, на едн аполитичка партија и не би требало да има неусогласувања по овие работи. Јас како индиција ги нафрлувам овие прашања, можеби лошо го читам текстот, но текстот е јасен, едноставен и ни дава за право да поставуваме и вакви прашања. Дали Претседателот на државата кој има одредени уставни ингеренции во водењето на надворешната политика е запознат со ова решение на членот 10 став 2, затоа што тој е тој кој еднаш во годината излегува и дава објаснвуања што Република Македонија како држава има направено во надворешната политика, во афирмација на државата, безбедносни прашања и т.н. и т.н., она што уставно му е загарантирано. Овде веќе се јавуваат некои дисонантни тонови кои се доста интересни и не би сакал да поставувам понатаму прашања за некој не ме обвини дека настапувам партиски. Сега настапувам како пратеник кој и мисли добро на оваа држава.

Позитивен момент е тоа што некој конечно почна да не есапи и нас пратениците дека не сме само гласачка машина, дека ќе имаме право да кажеме нешто околу водењето на надворешната политика и заради таквите решенијакои ги има повеќе овде јас ќе дадам апсолутна подршка на овој закон. Некој во претходниот мој говор не сакаше да ме сослуша, но тоа е негов проблем.

Членот 11 е коректен, не би сакал да коментирам. Исто така е инволвирано Собранието каде што ќе може да се слушне нашиот глас. Колку тој ќе придонесе во квалитетот на водењето на надворешната политика, колку сме ние изверзирани во таа работа овде од 120 глави ако не повеќе ќе се извлече некоја поука. Од секој помалку, ако излеземе со добра намера, со одредени наши видувања не е лошо да го запознаеме Министерството и самата Влада ако е во интерес на Република Македонија, а говориме за интересот на Република Македонија, не говориме за интересот на некоја трета држава.

Притоа мора да се има во вид една работа. Многу пати за тоа говоревме овде, овде имаше интерпелации на министри за надворешни работи, госпоѓата Митрева памти, претходниот период како пратеници, една работ аме чуди.

И во минатите влади и во оваа Влада Македонија не најде стратешки партнер. Што е работата? Не ли не сакаат, дали не лажат? Не ли сакаат да играат со нас, што е прашањето? Пдеднаш Република Хрватска излегува пред нас, пазете ултимативно. Австрија излегува и вели дека е од стратешки интерес. Дајте која држава е таа која може да застане зад нас. Впечатокот дека доаѓаат овде низ кулуарите ни се вртат, даваат разни изјави, вакви или такви, а резултатите ги нема. Мене ме погодува. Ако некој listmatka зошто го губиме времето. Дајте да најдеме стратешки партнер и постои ли стратешки партнер кој ќе каже интерес е на Германија, или на Америка Република Македонија заради својата местоположба, заради тоа што се наоѓа во една кршлива ситуација да влезе или да почнат преговори со Европската унија и да влезе под чадорот на НАТО. Имаме ли такви партнери ние како Република Македонија? Ќе успееме ли? Едно време имавме лобисти од типот на Џон Битов кој 1992-93 година зема 800 илјади долари од македонскиот Буџет и божем лобираше во Канада за македонското признавање. Овде заедно со госпоѓата Митреба расправавме, кои не беа мали пари имајќи во предвид дека девизните резерви на Македонија беа под 100 милијони долари. Говорам за периодот 1991 или 1992 година, мислам дека беше 1992 година. Се случуваа апсурдни ситуации. Ние буквално се да даваме, а ќар, корисата за државата беше еднаква на нула. И сега го гледам Претседателот на државата во Канада повторно со господинот Џон Битов нешто рпави, божем работи, а ниакде ги нема резултатите. Ние можеме само да ви помогнеме, не да ви одмогнеме. Не постои зла крв кога се работи за интерес на државата. Се работи за државен интерес, се работи за опстој на државата, а опстојот на државата го градиме сите и заради вас ќе биде многу полесно ако сите пратеници застанад зад вас и зад една политика која ќе биде во интерес на Република Македонија, а не да си ги копаме очите по вака битни прашања.

Член 12, јас ги толкувам работите онака како што ги читам без да навлегувам во позадината. Не сакам да навлегувам, затоа што сметам дека ова е сериозна работа и не сакам да градам двосмисленост по овие работи. "Министерството го известува Претседателот на Републиката по најзначајните прашања". Кои се тие најзначајни прашања некој ќе се рпаша. За Флоровски најзначајни прашања се следните.

Опстојот на Република Македонија;

Неменување на границите и

Опстојот на македонската нација.

Тоа се три круцијални прашања за мене како личност за кои не треба да се разговара. Треба да се носи во душата таа работа и за тоа нема разговор.

Ова решение не знам зошто е вака напишано, но некој треба да ги дефинира кои се тие најзначајни прашања.

Значи, број еден е територијалниот интегритет со Устав загарантиран.

Со опстојот на државата се надеваме дека ќе опстои и нацијата, ако ни се качи наталитетот дај Боже, ако не лоша работа ќе се случува, но математичарите ќе кажат кој е тој период на прекршување и

Трето, дали Република Македонија на референдум ќе може да се спојува, да се одвојува со други држави, да гради и т.н. и т.н. Значи некој мора да ни каже кои се тие најзначајни рпашања, на што давате предност?

Членот 14 "при различни ставови на некои прашања од областа на надворешните работи минситерот за надворешни работи во името на Владата и Претседателот на Републиката можат да му предложат на Собранието да расправа за тоа прашање".

Сакам една работа да ви кажам, и госпоѓата Митрева за надворешни работи и премиерот, првиот човек на Владата, Претседателот на државата господинот Црвенковски овде мора да излезат со еден единствен став. Не смеете нас како пратеници да не ставате во дилема чие решение е најдобро, затоа што јас како пратеник немам релевантни показатели дали тоа што ќе го говори госпоѓата Митрева како министер, премиерот на Влада или Претседателот на државата е точно и веродостојно. Значи, не смеете Парламентот никогаш да го доведете во дилема кој од тие тројца луѓе се бори за вистинската работа, за доброто на оваа држава, затоа што имаме случаи каде што лошо звучат во јавноста. Пример, ако е точна изјавата на премиерот Бучковски, тоа треба да се провери, затоа што не смеат да се пуштаат дезинформации, полу инфорамции и т.н. и т.н., видена работа и во минатото и тоа ќе си продолжи во континуитет, зависи кој колку плаќа. Значи, Бучковски наводно рекол вака "Македонија во врска со прашањето со Република Грција треба да биде пофлексибилна", а од друга страна имаме на презентација став на Претседателот на државата, сметам дека е и став на министерката, затоа што и приватно разговаравме за двојна формула, што е прифатлива. Со Грција да се договориме, а за остатокот од светот Република Македонија и поинаку не може да биде. Секој оној кој што ќе прифати ортаклук да се менув аимето на Република Македонија ви гарантирам дека е осуден на неуспех однапред. Дали се работи за личност, за политичка партија и т.н. и т.н. Името е света работа.

Второ, уставна категорија е,

Трето чувството го носиме во себе како Македонци. Нема право никој да се пазари иако притисокот е огромен од страна на Република Грција. Пред некој ден, завчера или вчера читав еден текст дека Нимиц во Обединетите нации вршел притисок во одреден период Македонија да го смени името. Апсолутно нема никој право да си земе, и самиот македонски народ на референдум да го менува името Македонци и Република Македонија. Тоа нешто е наследено, илјадници години наназад, а ако одиме по историјата на МАНУ, тој краток период од 1400-1500 години. Јас верувам во нешто подлабоко, во подлабоки македонски корени.

Значи, говоревме кои се тие најзначајни прашања.

Членот 14 го спомнав. Лошо ќе биде да се има дисонантни тонови. Дајте еднаш да изградиме македонско единство, овде да размислуваме македонски за доброто на оваа држава, а вие сте тие кои ја креирате политиката на Република Македонија. Нашиот глас како пратеници не се слуша многу далеку. И нашите контакти што ги правиме прашање е колку се полноважни и колку и нас не есапат. Барем јас имам негативни искуства со таканаречени странски претставници овде и за време на војната и 1991 година со господинот Аренс, да не говорам во Кабинетот на првиот претседател на државата господинот Глигоров дојде во Република Македонија брани сосема други права. Македонија два пати ја спомнува во рок од 45 минути. Како да биде моето мислење и не само моето, било кој нормален Македонец, македонски граѓанин да го прашате, па верувајте ако се направи анкета никој нема верба во оние што доаѓаат однадвор. Се живо направивме, а ќарот, користа за Република Македонија ја нема никаде. Никого не обвинувам, јас верувам дека и минситерката, верувам дека и Владата размислуваат за доброто на оваа држава. Не сакам да бидам фаталист да обвинувам дека некој намерно прави грешки, човечки е да се греши, но не на штета на сопствената држава. Дали можеби ако покажеме поцврсти ставови некаде ќе не ценат повеќе. Да престанеме да се виткаме. Уште ми е во свежо сеќавање господинот, не го споменувам по име висок, плав, - "Македонско сонце, Европско небо", а човек не може да добие виза за Словенија. Тоа македонски се вика маткање.

(Пратеникот Каролина Ристова коментира од место).

**Љупчо Јордановски:** Ве молам без коментари од место.

**Александар Флоровски:** Забрането ми е, не сакам да го налјутувам. Јас само опишувам личност, не спомнувам имиња...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Флоровски, почнавте убаво фино со членовите и ве молам ако го спомнете членот да не ви биде покритие со она што го кажувате.

**Александар Флоровски:** Не, не.

Претседателе,

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Каролина вие не коментирајте, не бевте одсабајле.

**Александар Флоровски:** Госпоѓата Каролина апсолутно е во право. Овде играме игра со глуви, дошол еден висок црн облечен со маска, како да е Зоро. Не е Зоро  туку некој друг е. Немојте со вакви работи, како да се наоѓаме на квиз, или пак паптонима, што ја имаше едно време, да не споменуваме имиња. Кога можам да ја спомнам сопствената минситерка која ме претставува надвор, тогаш зошто да не спомнам некој што дошол овде и што ни ја мати водата цело време. Повеќе си ги ценам моите минситри отколку тие што доаѓаат од надвор, без разлика на политичката припадност. Што има лошо тука.

Член 17, и ќе ви ги бројам до 136 и ќе ве држам до 18 часот ако сакате.

**Љупчо Јордановски:** Нема проблеми, само по Законот.

**Александар Флоровски:** Можам да говорам колку што сакате, а не можете толку да издржите ви гарантирам. Не сакам да ве нервирам, ви реков почитувам функција, почитувам години, а она што го направивте не беше долично.

Член 17 "во вршење на надворешните работи Министерството може да остварува соработка со невладини организации во Република Македонија". Човек ќе се праша што ќе биде тоа, некои јапи типови кои ќе доаѓаат овде, ќе помагаат, ќе сурфаат интернет, ќе пуштаат инфорамции или повторно ќе организираме некои си невладини организации од типот на СОРОС. Што сакате да кажете со членот 17, кои невладини организации. Ако биде повторно СОРОС ќе се прашаме чекајте бе луѓе овие што пари испраа преку СОРОС. Претпоставка, можеби не е вистина и не е вистина додека не се докаже. Постои суд за таква работа. Овој член не ми е јасен, но ако е во интерес на Република Македонија, ако некој дојде овде и ми објасни подробно за што се работи и дека е во интерес и на нацијата нема проблем да го прифатиме овој член. Претпоставувам дека ова писание од 139 члена со влегување во сила, во Службен весник верувам дека го пишувале експерти, дел препишан од други закони, но модифициран на македонските состојби, што не е толку лошо.

Значи, членот 17 до крај мене не ми е јасен, не ми е дефиниран. Што можат да направат тие невладини организации. Тогаш се сеќавам отидов и јас потпишав, ја земав картицата и ја испратив и јас Алекснадар Флоровски со семејството. Ја испратив и јас, што од тоа? Повторно ќе кажам - без партнер, без здрава држава која ќе застане зад Република Македонија многу тешко ќе одат работите. Каде беше една Бугарија пред да дојде царот. Си годонесоа Царот, го псотавија министер за надворешни работи Соломон Таси, кој случајно по потекло е Евреин, што исто така е за почитување и Бугарија експресно влезе и во НАТО, ќе влезе и во Европската унија. И после некој од европјаните ќе дојде и ќе ми кажува мене критериумите Република Македонија не ги исполнила. Ќе ми извините на израз, но што треба - панталоните да ги спуштиме? Што треба да направиме уште за таа Европска унија и текне дека постои една Република Македонија која во најтешките моменти на Балканот им пружи рака, и со Косовската криза и за време на војната. Отстапки комплетни на сопствена штета. Тоа е тоа што ме погодува и ме погодува и затоа мојот вовед беше ваков. Иако ги спомнувам европејците во лоша конатација, а ги спомнувам во мое име, некој ми го одзема зборот, тоа не го кажав на министерката како претставник на Влада, го кажа на еден обичен пратеник од ВМРО кој се вика Александар Флоровски. Јас не верувам дека европјаните за тоа ќе ми замерат. Или ако ве прашаат што зборува тој пратеник, ајде тој никој не го есапи, тој е слободен стрелец, да не биде на штета на Република Македонија.

Многу членови ќе прескокнам за да дојдам до членот 99. Да го спомнам она што господинот Игор Ивановски како позитивен пример го зема. Немам афинитети да бидам ниту амбасадор, ниту конзул, иако во некои држави, на пример, каде што сум роден, каде што пораснав, би можел многу успешно да ја извршувам таа работа. Би можел сигурно подобро отколку тој што го испративте, бидејќи го говорам и нивниот јазик, таму сум пораснал, таму сум образован, имам пријатели, роднини на високи позиции, но тоа не е битно. Никој не праша дали некој може да помогне во соодветна држава, затоа што случајно моите од Егејска Македонија после 1948 година поминаа пет држави, па една од тие беше и Република Унгарија. Тоа е нашата македонска судбина, за жал, судбината на Македонците од Егејска Македонија. Не сакам вардарските Македонци да доживеат таква судбина, да не даде господ. Значи, афинитети немам околу таа работа, ниту некогаш ме интересирало тоа. Кога сум можел, одбив - еве, пред целата македонска јавност да кажам - значи имав шанси и одбив, не сум сакал да отидам.

Ова решение не знам како да го крстам, министерке. Звањето амбасадор може да се одземе со указ на Претседателот на Републиката, на предлог на миистерот за надворешни работи во името на Владата, нормално, вие сте претставник на Владата и член на таа Влада и држите еден од битните ресори во една нормална држава, Македонија колку е нормална тоа е сосема друго прашање - или по барање на лицето што го носи звањето или по неговите повеќекратни изјави во јавноста за својата неподготвеност и понатаму да ја претставува Република Македонија во меѓународните односи. Ова решение бришете го и ставете една многу проста реченица: доколку поднесе неотповиклива оставка, и крај, бришете го другото. Таквите луѓе нема да ви донесат среќа ниту на вас, а ниту на Република Македонија. А тој што се нафатил да ја врши таа работа, има крвнички да ја одработи, затоа што е

добро платена од парите од македонските даночници. И нема милост, ако не работи "сечете глави", повикајте го на одговорност и за штетата направена во името на Република Македонија, затоа што таму нема да го плукаат него како личност, туку ќе кажат амбасадорот или конзулот на Република Македонија правел тоа и тоа, и не знам што уште друго, а трошел народни пари. А нас пратениците не обвинуваат дека сме качиле плата, сме земале пензии! И да не се враќам на тоа, тоа не е точка на дневен ред. Значи во оваа работа, во политиката нема милост. Пет-шест пати излегувам и изјавувам, не сакам да бидам, ќе ме сменат. Ако поднесе неотповиклива оставка, писмено напишана, своерачно потпишана, бришето го. Тоа решение нека стои овде. Овде имате шест реда наброени, тоа е членот 99, ставот 4, последниот. Ептен многу членови сте ставиле, луѓе и Собранието сте го направиле божем библија е, а можело многу решенија и да отпаднат или воопшто да не се стават, нормално, доколку бевте усогласени.

Членот 110 е доста обемен и има една интересна работа, каде што говори дека Република Македонија треба да ги заштитува правата и интересите на државјаните и правните лица, кои се надвор од државата. Овде имаме ваква ситуација, жива, еклатантна и таа од време на време на А-1 телевизија ја пуштаат. Се работи за една личност, обичен македонец, возач. Колешката Којзеклиска ми го кажа името и презимето, се работи за Мијалче Богданов од Штип, кој заглави в затвор во Грција четврта или петта година. Дали некој го "наместил" со наркотици, со дрога, дали бил вмешан во тоа, не навлегувам во таа работа. Но слушајќи ги неговите родители, имам еден впечаток дека Република Македонија, Министерството за надворешни работи, дали воопшто води сметка за вакви случаи, а верувам дека има и многу други такви случаи. На пример, исто беше, дури чудно, воопшто не сакам да го спомнувам случајот со тројцата кумановци исчезнати во војната во Ирак. Те оди заменикот министер за надворешни работи, те не оди, се слушаа вакви, такви информации, нешто конфузно се случува, нешто недоречено се случува. Знаете ли што значи Министерство, знаете ли што значи министер? Човек кој ја претставува државата и таа кога ќе излезе да говори овде, треба да говори полноважно и она што ќе го каже да држи вода. Се судрувавме на секои половина час, било која телевизија да следевте со различни изјави. Сите даваа различни изјави и јас се чудам и се прашувам што се случува сега, која телевизија ја говори вистината, која личност е вистински претставник на Министерството за надворешни работи, а сите работат таму, почнувајќи од господинот Хасановиќ кој не го гледам тука. Де трчаше во Куманово, па одеше во Јордан или Либан, не знам каде одеше, еден куп арапски земји имате таму. И на крајот дојдовме со празни раце и роднините не знаат што е со нивните деца или сопрузи. Значи, постои една некоординираност дали нашите македонски министерства, секое само по себе претставува држава и не сакаат да се видат и соработуваат едни со други? Значи говорам се во име на...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, уште колку време ви треба? Прашувам затоа што е 14,00 часот.

**Александар Флоровски:** Уште колку сакам.

**Љупчо Јордановски**: Сега ве прашувам како колега.

**Александар Флоровски:** Колега? Од кога станавме колеги? Претходно ме третиравте како стара крпа, вака ми правевте.

**Љупчо Јордановски**: Претходно бевме.

**Александар Флоровски:** Јас не знам од каде сега преку ноќ станавме колеги? Како се менуваат ставовите ако некој каже поцврсто.

**Љупчо Јордановски**: Не, претходно...

**Александар Флоровски:** Ќе завршам тука, завршувам за минутка.

**Љупчо Јордановски**:...зборував како претседател.

**Александар Флоровски:** Го почитувам времето на пратениците, треба да јадат.

**Љупчо Јордановски**: Значи за две минути, повелете.

**Александар Флоровски:** Минутка.

**Љупчо Јордановски**: Добро, минутка.

**Александар Флоровски:** Значи, министерке, ќе дадам поддршка во првата фаза, со забелешките кои ги имав. Сакам да работите за доброто на оваа држава, за доброто на овој народ. Поделете ги тешките моменти со овој Парламент, ќе извлечете можеби и добра, позитивна и негативна поука, но кога се работи за Република Македонија, верувајте дека во ликот на Александар Флоровски и за доброто на овој македонски народ секогаш ќе имате поддршка. Толку.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата започна во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Господинот Рамадани го нема.

Бидејќи други пратеници не се пријавиле за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да го гласаме заклучокот.

(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

Имаме доволен број на пратеници во салата.

Бидејќи претресот е заклучен, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за надворешни работи.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за надворешни работи, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за надворешни работи.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, гласале 59, сите 59 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 14-Предлог за донесување на закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Дозволете да кажам неколку кратки напомени во врска со Предлогот на закон.

Задолжителното осигурување од одговорност за штети предизвикани од трети лица во Република Македонија, во моментот е регулирано со Законот за осигурување и тоа во неговиот петти дел.

Потребата од донесување на нов закон за задолжително осигурување во сообраќајот произлезе од направените анализи на функционирањето на системот на задолжително осигурување во Република Македонија, при што беа констатирани одредени слабости во законот, кој се однесуваат пред се на следното: начинот на изготвување и донесување на тарифата на премијата на осигурување од автомобилската одговорност; постапката за пријавување, обработка и решавање на барањата за надомест на штета предизвикана со употреба на превозните средства во сообраќајот; системот на прибирање и статистичка обработка на податоците кои се однесуваат на задолжителното осигурување; постоењето на неосигурени сопственици на моторни возила од автомобилска одговорност; заштита на интересите на осигурениците и оштетените лица, како и улогата и функциите на Националното биро за осигурување.

Истовремено, со анализата утврдивме дека постојниот систем на задолжително осигурување не ги задоволува потребите кои ги наметна процесот на евроинтеграцијата на македонскиот систем и на задолжително осигурување, особено во делот кој се однесува на обезбедување соодветна заштита на лицата кои претрпеле штета како резултат на сообраќајната незгода.

Предлогот на закон за задолжително осигурување во сообраќајот во себе ги вградува следниве суштински измени, во однос на постојната регулатива:

Со задолжителното осигурување за штети предизвикани на трети лица се опфатени сопствениците односно корисниците на моторни возила, сопствениците односно корисниците на бродови и чамци на моторен погон и сопствениците односно корисници на воздухоплови. Од причина што осигурувањето на сопственици на шински возила не е предмет на регулирање со директивите и другите прописи на Европската унија, а по направените компаративни анализи со оваа материја во другите европски законодавства, со Предлогот на закон за задолжително осигурување не се опфаќа осигурувањето на сопствениците на шински возила, за штети предизвикани на трети лица. Како дополнителна заштита на патниците кои претрпеле штета при употреба на превозно средство регистрирано за јавен превоз на патници, со Предлог-законот како задолжителен вид на осигурување се смета и осигурувањето на патници во јавен превоз од последици на несреќен случај односно незгода во сите видови превозни средства, вклучувајќи го тука и осигурувањето на патници во шинските возила, за превоз на патници.

Најголемите измени во однос на постојната регулатива се направени во делот на законот што се однесува на осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица односно таканареченото осигурување од автомобилска одговорност. Овие измени се однесуваат пред се на вградување на одредбите од Четвртата директива на Европската унија 2000/26/ЕЕС, за осигурување од автомобилска одговорност, кои се однесуваат на формирање на Информациски центар, назначување на претставници за обработка и исплата на штети на друштвата за осигурување во земјите членки на Европската унија, воспоставување и функционирање на Служба за надомест и штети во рамки на Националното биро за осигурување во Република Македонија. Со оглед на тоа дека ове одредби се однесуваат на земји членки на Европската унија, а имајќи го предвид фактот дека осигурителниот пазар и индустријата, во мментот не се целосно подготвени за нивно имплементирање, истите имаат преоден карактер во овој Предог на закон односно ќе стапат во сила од денот на стапување на Република Македонија како членка на Европската унија. Целта на вградувањето на овие одредби во текстот на Предлогот на закон

со транзиционен период за стапување во сила со влегувањето на државата во членство на Европската унија е подобрување на преговарачката позиција на Република Македонија во евроинтегративните процеси, во делот што се однесува на хармонизирање на домашното законодавство од областа на осигурување на автомобилската одговорност, со законодавството на Европската унија, односно да ве информирам, што и во законот го пишува, дека овој закон е целосно усогласен со законодавството на Европската унија, односно со нејзините директиви.

Во правец на побрзо, поефикасно и поправично решавање на барањето за надоместок на штета, како и поголема заштита на интересите на оштетените лица, што беше идентификувано како една од поголемите слабости во сегашниот постоен систем на задолжително осигурување, со Предлогот на закон правиме и одредени измени кои се однесуваат на постапката и роковите за известување за настанување на сообраќајната незгода, до сопственото друштво за осигурување и одговорното друштво за осигурување, постапката и роковите за пријавување на штетата, зголемување на минимални осигурени суми, начинот на утврдување на минималниот и на максималниот износ на техничката премија за осигурување од автомобилска одговорност и критериумите за надомест на нематеријалната штета.

Во однос на горенаведеното, со Предлогот на законот за задолжително осигурување се зголемува и опфатот на лица кои согласно законот се сметаат за трети лица, односно имаат право на надомест на штета по однос на осигурување од автомобилската одговорност. Така, за разлика од денешната постојна регулатива кога право на надомест на штета по основ на осигурување на трети лица немаат договорувачот на осигурувањето ниту сопственикот, со сопственикот и корисникот на возилото, со Предлогот на закон за задолжително осигурување, кој е пред вас, право на надомест на штета по основ осигурување од автомобилска одговорност имаат сите лица, освен лицето кое управувало со моторното возило со чија употреба на станала штетата, сопственикот, сосопственикот и договорувачот на осигурувањето, до колку во моментот на настанување на незгодата, не управувал со моторното возило со чија употреба настанала штетата, но само за износот на материјалната штета, понатаму лица кои нелегално присвоиле моторно возило, како и лица кои претрпеле штета при употреба на возило во терористички акт или воени операции.

Од причини што и самите Директиви на Европската унија предвидуваат значително поголеми минимални суми на осигурување од постојните во Република Македонија, а имајќи го предвид фактот дека евентуалното нагло зголемување на истите заради хармонизацијата со Европската унија на брз рок, во моментот ќе предизвика ефект на зголемување на премиите за осигурување од автомобилска одговорност и соодветно на тоа удар врз стандардот на сопствениците на возилата, Предлогот на закон предлагаме Собранието да го донесе со постапно зголемување на минималните суми на осигурување, што е опфатено со преодните одредби и нивно приближување до минимално пропишаните суми за осигурување кои денес важат во рамки на Европската унија.

Во насока на побрзо и поефикасно решавање на барањата за надомест на штета од сообраќајна незгода и намалување на бројот на судски постапки кои се водат пред надлежните судови кои се релативно долги и скапи, со Предлог-законот се предвидува право на оштетените лица да покренат постапка на посредување во случаи кога не се задоволни од понудениот надомест на штета што им го понудило одговорното друштво за осигурување, согласно со прописите кои го уредуваат начинот и постапката на посредувањето. Иако во моментот не постојат прописи кои го уредуваат и начинот и постапката за вршење на медијација, одредбата која упатува на посредување, односно на медијација, во Предлогот на законот во иднина би упатувала на закон за медијација, кое исто така е во фаза на подготовка и ќе биде донесен во непосредна иднина.

Со Предлог на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се врши именување на досегашниот начин на утврдување на тарифата на осигурување преку заедничко усогласување на истата на ниво на сите друштва за осигурување што, ќе се согласите дека претставуваше и сеуште до денешен ден претставува своевиден рецидив од поранешниот систем и ние во согласност со основните принципи на пазарната економија и претприемништвото, односно слободата на пазарот. Така, со Предлогот на законот, друштвата за осигурување нема да можат заеднички повеќе да ги усогласуваат тарифите на премии и Општите и посебните услови за осигурување. Односно, воведуваме принцип на минимална и максимална стапка на техничка премија од страна на, со законот утврдена Комисија за осигурување од автомобилска одговорност, која како експертско тело составено од стручни лица (актуари) од друштвата за осигурување и Министерството за финансии ќе има за цел изготвување и ревидирање на тарифата за осигурување од автомобилска одговорност и предлагање до Владата на Република Македонија, согласно Законот на минимална и максимална стапка на техничка премија во рамки на која, друштвата за осигурување, ќе можат да ги формираат своите тарифи и да се конкурираат на пазарот.

Комисијата, покрај обврската за изготвување и предлагање на минимална и максимална стапка на техничка премија е одговорна и за изготвување на Критериуми за надомест на нематеријална штета кои ќе претставуваат

основа при одлучување и пресудување од страна на судовите, во случај на изрекување на нематеријална штета. На овој начин се очекува да се реши прашањето околу можноста судовите да пресудуваат различни износи на средства за исти или слични поединечни случаи.

Заради потребата од правно комплетирање на материјата што се однесува на надлежностите на Националното Биро за осигурување, со овој закон се регулира и формирањето и функционирањето на Нациналното биро за осигрување, односно се префрла целиот дел што се однесува на Националното биро од сегашниот Закон за супервизија на осигурување во Предлогот на закон што ви е на дневен ред денеска. Истовремено, се врши зајакнување на функциите и надлежностите на Гарантниот фонд во рамките на Националното биро за осигурување преку регулирање на обврската Гарантниот фонд да врши исплати на оштетени лица покрај, по основ на неосигурани и непознати моторни возила и по основ на штети што оштетените лица не можат да ги наплатат поради евентуален престанок на некое од друштвата за осигурување. Во сите овие случаеви е предвидено сите друштва за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување во сообраќајот, заеднички, сразмерно на реализираната премија на секое поединечно, по основ на задолжително осигурување, да уплаќаат средства во Гарантниот фонд. Со цел навремено и ефикасно извршување на обврските на Националното биро за осигурување по однос на меѓународните договори за осигурување од автомобилска одговорност, познати како издавање на зелена карта, обработка и исплата на штети по однос на издадени зелени картони и слично, во случаите кога Бирото има обврска да исплати барање за надомест на штета, со Законот се предлага минималниот износ на средства на Гарантниот фонд да биде во износ што не може да е помал од 3.000.000 евра во денарска противвредност.

Со донесувањето на новиот закон за задолжително осигурување во сообраќајот ќе престанат да важат одредбите од делот Петти на Законот за осигурување кои се однесуваат на задолжителното осигурување.

Од сите овие причини и тоа што е наведено во Законот и во образложенито, ве повикувам да се изјасните позитивно за овој закон. Едновремено, сакам да ве известам дека забелешките на Комисијата за финансирање и буџет се прифатени и се вградени во амандмани што ги дадовме на Законодавно-правната комисија што се одржа потоа и таму ги прифативме. Ве известувам дека сите поднесени амандмани на Законодавно-правната комисија се усогласени со Министерството за финансии и исто така ќе ги прифатиме.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски;

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Еве пред нас уште еден Предлог на закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон што го даде министерот и што на оваа седница ние како пратеници ќе треба да го изгласаме.

Мислам дека поминаа повеќе од три години, овие директиви што ги кажавте од Европската унија, последната што ја гледам директива е од 2000-та година. Значи едната е од 1972, од 1984, од 1990 и од 2000 година и сега не гледам толку причина овој закон денеска и тука и веднаш да го прифатиме и да го донесеме, без да слушнеме некои поголеми коментари од оние за кои што ќе се однесува овој закон. Уште во стартот морам да ја запознам македонската јавност дека од предложените 75 или 76 членови што ги има законот, мислам дека беа 75 членови, некаде 13 од нив ќе бидат во важност после влегувањето на Македонија во Европската унија. Дали е тоа 2012 година или подоцна, ние веќе правиме во претходните членови некоја пресметка во која што вие кажувате како ќе се зголемува она што е осигурување и како таа наплата треба да се зголеми. Тука се претставува, во некој старт, дека тоа ќе биде за 50%, за да стигнеме до она што значи осигурување во Европската унија, но сето тоа не изгледа така безболно кога математички ќе се пресмета. Вие сте финансиер, тоа добро го знаете. Вака како што е претставено во Законот, тие 50% за во рок од две години стануваат некаде 237%. Значи не е така безазлено и не е така едноставно сето ова.

Уште во старт има неколку прашања. Вашето објаснување го следев со внимание и тоа што го кажувате е се во ред. Тоа стои. Тоа се членовите од Законот. Но еве, во интерес на Законот, во интерес на она што значи осигурување и како Република Македонија понатаму да се движи, јас имам неколку забелешки.

Главната забелешка е токму оваа, на важењето, важноста и влегувањето во сила на членовите 25,26,27,28,39,40,41,42,43,44,45,46 и 52, тоа се 13 членови што ќе бидат во важност после влегувањето на Република Македонија во Европската унија. Можеби вие сте предвесник пред сите други министерства, можеби ќе беше добро ова да го поврземе со некои други закони што до сега ги донесовме и ние како опозиција баравме да бидат во важност со влегувањето на Македонија во Европската унија, посебно во делот каде што беше Електростопанство на Македонија и други субјекти за кои што разговаравме. Но, тоа тогаш не се случи, затоа што, можеби целта беше друга, сега е нешто подруго од ова што го кажувате. Тоа е едната дилема што се јавува.

Втората дилема во однос на осигурувањето, кога се работи за оштетено трети лице, јас разбирам

дека секој се осигурува на онаа сума на која што осигурителното друштво може да биде, но оштетата треба да ја примат трети лица и таа во овој случај изнесува од минимална до максимална оштета и таа оштета се движи во тие, да кажам лимити на максималност и минималност. Дали со тоа граѓаните на Република Македонија не ги донесуваме во една ситуација да не бидат рамноправни и еден дел, или еден член би кажал од Законот, членот 20 за кој што ќе проговорам малку покасно, покажува уште една неправичност или можност за злоупотреба или начин како некој сето ова да го изманипулира и да дојде во ситуација некој пред него да биде во предност.

Во однос на она што значи формирање на националното биро. Националното биро,даваате во самиот закон, дека може да го формираат две осигурителни друштва. Во Република Македонија во моментот функционираат многу повеќе од тие две друштва со тенденција, мислам дека Владата тоа треба да го прави секоја наредна влада, да се даде дозвола за влез на странски осигурителни компании, кој што еве ќе не доближат што побрзо до Европската унија, со своите стандарди и со нивното функционирање, да дадеме можност тие две осигурителни компании кои што би можеле да го направат тоа национално биро. И понатаму со некој член и одредби кои што треба да ги донесат во самиот статут да дефинираат кое од тие осигурителни друштва може да биде член на оваа национална компанија или не може да биде член, или начинот на кој што ќе бидст исклучени од истотот.

Пошто тука водиме расправа, ова е и прва и втора фаза се расправа и за амандмани и дирекно за прифаќање на предлогот. Јас би сакал да предложам неколку работи, се надевам дека министерот, слушајќи ги забелешките, дел од нив можеби и ќе прифати, се надевам дека е во интерес на самиот закон, подобрување на законот и би почнал директно со законот со членот 4 став 1.

Членот 4 став 1, мислам дека делот каде што се кажува, лицето кое управува со превозното средство е должно да го има договорот за осигурување, полисата за осигурување, и тука би требало да се заврши овој другиот дел или било кој друг доказ за склучен договор за осигурување. Мислам дека ова треба да отпадне и дека "друг доказ" сем полисата за осигурување апсолутно не би гледал како можат да се направат тие договори. Значи овој дел би отпаднал и другото е коректно и во ред.

Во однос на членот 5 став 2. Оштетеното лице може да поднесе тужба за надомест на штета до надлежен суд, само доколку претходно поднело барање за надомест на штета до одговорното друштво за осигурување. И тоа е во ред затоа што ставот 1 го кажува тоа. Но, ако има веќе одговор од друштвото за осигурување тогаш дали постапката е двојна или само во случај да добие негативен одговор од друштвото од кое што се бара надоместот, тогаш може да се побара интервенција на судот. Ваков начин апсолутно не е дефиниран и постои двостепеност после првото барање за надомест на штета директно до одговорното друштво за осигурување следи барање тужба за надомест на штета до судот. Мислам дека и ова треба да се доработи, да се каже дека ако има негативно, тогаш би следело тужбено барање.

Членот 11, и во ставот 1 и во ставот 4, каде што се говори за патници во јавен сообраќај, стои еден пасус, во првиот статут, независно дали имаат или немаат возен билет, тоа е првото.

И четвртиот став докажувањето дека некое лице било патник паѓа на товар на корисникот на осигурувањето. Сега имаме две ситуации во кои што дали бил патник или не бил патник. Од друга страна дали имал возен билет, мислам дека ги комплицираме работите и дека, како ќе се докаже тоа,затоа што тука се опфаќаат и многу други лица кои што ќе бидат во непосредност на настанувањето на штетата, дали е пристаниште, аеродром, при слегување има многу широки објаснувања за да може законот да биде вака применлив и да барате вие од корисникот на осигурувањето да го докаже сето ова. Мислам дека ова, вака како што е поднесено, не би било тоа што треба да биде во законот.

Во однос на членот 15, сакав да ве прашам и за став 1, но мислам дека го објаснивте во вашето кажување и тоа е во ред.

Членот 19, сопственикот на моторното возило е должен да го извести друштвото за осигурување со кеј склучил договор за осигурување од автомобилска одговорност, за промена на регистарските податоци кои се однесуваат на тоа моторно возило, и мислам дека тука треба да се стави рок. Дали е тоа месец дена, три месеци или 15 дена. Мислам дека мора да стои затоа што тоа осигурување, важноста е една година, во делот кога тоа завршило, треба да се постави рокот до кога.

За мене многу интересен е членот 20, ставовите 3 и 4, за кој што пред малку го говорев, и мислам дека ќе направат многу забуна. Ајде, овој првиот став, ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надоместок го надминува износот за кој е договорено осигурувањето од автомобилската одговорност, правата на оштетените лица спрема друштвото за осигурување сразмерно се намалуваат. Значи во старт, сега говориме за штети, говориме за несреќи, во старт некој треба да милува уште во почеток, да не бидат многу луѓе за да може да ја земе оштетата. Мислам дека апсолутно некоректно е на ваков начин да се претстави овој став.

А понатаму ставот 4, дава уште една друга компонента на сето ова каде што говориме за рамноправноста на осигурениците и таа компонента ја гледам во некое министерства, дали тоа беше Министерството за транспорт, значи прв дојден прв услужен, со тоа што се говори друштвото за осигурување што исплатило поголем надомест на штета на едно оштетено

лице од оној што му припаѓа со оглед на сразмерното намалување на надоместокот поради тоа што не знаело, ниту можело да знае дека постојат оштетени лица, има обврска према другите оштетени лица само до висината на износот на кое е договорено осигурувањето од автомобилска одговорност. Значи, на овој начин, господин министре, оној кој прв се пријавил, кој ги примил средствата, со него е завршена работата. Сите останати кои дополнително се пријавиле или не знаеле дека треба да се пријават остануваат во една ситуација да бида обесштетени со многу помали средства од она што навистина им припаѓало.

Затоа, вака напишан законот, овој член вака како што стои, за мене или "прв дојден прв услужен" апсолутно е нерегуларно кон останатите осигуреници. Мислам дека тука може и мора да се најде некое подобро решение што би ги исклучило ваквите индивидуални определби на оној кој одлучува дали има само еден, дали имало повеќе луѓе или апсолутно не знае колкава била штетата, колку лица во тој момент биле оштетени со сообраќајката.

Членот 23, обврска за доставување информации во врска со сообраќајна незгода, во ставот 1 се бара учесниците во сообраќајната незгода се должни, на барање на осигурувачот, обработувач на барањето за надомест на штета, да дадат опширно известување за околностите под кои се случила сообраќајната незгода. А, во спротивно, се должни да ја надоместат штетата настаната од неизвршување на обврската за известување.

Јас мислам дека за секоја настаната штета, посебно каде што имаме материјална повреда и каде што треба да се плаќа ваква ситуација, единствениот документ врз кој што треба да се прави плаќањето е токму полицискиот записник за несреќата. Едноставно, тоа е меродавниот документ врз кој што треба да се исплати штетата.

Дали оштетените лица или луѓето кои ја направиле несреќата можат да напишат десет изјави или десет извештаи или ако е тоа меродавно за осигурителното друштво, мислам дека е проблем и законот апсолутно не го регулира и не би можело на тој начин да го регулира ова важно прашање. За мене, во овој случај имаме само полициски записник.

Членот 27, во ставот 1, кој што член дополнително ќе биде во важност, тоа е еден од членовите што ќе бидат во важност откако Република Македонија ќе биде членка на Европската унија, мислам дека уште сега треба да дефинираме како ќе биде со оние членки, со оние држави што не се членки на Европската Унија и како тука би функционирале, затоа што можноста во нашето опкружување, полека, полека сите стануваат членки на Европската унија. Но, сепак, имаме земји во кои се патува а не се члеки на Европската унија со кои што ќе треба да направиме, ова што го имаме овластен претставник за штети, да го имаме во тие земји и да функционираме заедно со нив.

Во членот 32, би прашал дали Министерството предвидува посебен режим , бидејќи се работи за задолжително гранично осигурување , тоа се оние членки кои што доаѓаат во Република Македонија, немаат осигурување, дека тоа се плаќа на лице место се вади тој зелен картон, со најмала важност од 15 дена. Сега оваа иста функција дали Министерството планира да ја направи за граѓаните на Република Македонија кога одат во некоја друга држава, говорам тука за погранична соработка, каде што имаме многу влезови и излези на граѓаните скоро секој ден, дали се тоа визи, дали е нешто друго и дали на секое влегување ќе треба ова да функционира.

Мислам дека треба да се раграничи дали воопшто ќе може да се добие зелен картон на граничниот премин од Република Македонија или осигурување да се плати, затоа што гледаме како сега функционираат членките на ЕУ и кое осигурување вие од старт треба да го платите, за да можете да добиете виза. Мислам дека ова треба од старт да го исклучиме, со добивањето на визата и треба осигурувањето да биде задолжително. Или пак да склучиме билатерални спогодби со било кои држави да функционираат и нашите граѓани на ист начин, како што предвидува овој член 32.

Членот 48, мислам дека се случија две кобни несреќи во Република Македонија уште на стартот од нашата независност и вака како што е напишан членот 48 за странскиот воздухоплов кој влегува во воздушниот простор на Република Македонија е задолжително осигурување од одговорност за штетите од член 47 став 1, и ова по мене до тука е се во ред, освен ако не е дадено друго обезбедување за надомест на штета,.или ако со меѓународен договор поинаку не е утврдено. Мислам или ова треба да се дефинира да знаеме за што се работи, кои меѓународни договори треба да бидат валидни и на овој начин затоа што тие несреќи завршија со многу жртви кои што, сега веќе со овој закон некој ќе треба да ги обештети. Мислам дека треба да најдеме модус како во Република Македонија да се заштити токму од овие евентуални несреќи од странски воздухоплови. Гледаме што се случува во светот да заблагодариме дека досега кај нас немало таква работа и да се надеваме дека нема да има, но законот треба да регулира се.

По однос на членот 51 за кој предмалку говорев, ставот 2, Бирото го основаат најмалку две друштва за осигурување, кои имаат дозволи за вршење работа за осигурување во класата за осигурување од автомобилска одговорност.

Јас ги читав извештаите од комисиите на кои што вие бевте присутен и каде што кажувавте дека неможе да се формираат повеќе од едно национално биро, тоа треба да биде едно, но, во моментот регулацијата да се формира ова национално биро, мислам дека треба да биде дадена со неколку потточки или цел член, како

тоа би било формирано, дали ќе се рапише конкурс, па на тој конкурс ќе се јават осигурителните друштва, оние кои што исполнуваат некои услови, кои можат да бидат основачи на национално биро, или пак, ќе дозволиме првите две од било кои од овие осигурителни друштва да го формираат националното биро и после тоа во членот 55 став 1 алинеја 6, одлучуваат за приемот на нови членки и во алинеја 7 истапување, исклучување на членки.

Значи имаме две ситуации за кои што Министерството мора да размисли, затоа што вака како што е дадено во законот стои дека две осигурителни друштва по договор, повторно да го кажам она претходното, прв дојден, прв услужен, две друштва можат да го формираат националното биро, вие ќе дадете дозвола и тоа ќе функционира. После тоа е важно и валидно за сите понатамошни постапки кон сите останати членки и осигурителни друштва. Јас така го сфаќам министре, и така го читам. Ако има нешто друго, ќе замолам да ми објасните. Васка како што е дадено, мислам дека апсолутно, е така.

Во однос на членот 69 , каде што се кажува во однос на осигурителните друштва кои што постојат и кои што треба во рок од 6 месеци во однос на влегувањето на законот во сила, се должни да ги усогласат условите. Мислам дека тој период е премногу мал, затоа што со членот 75 вие кажувате дека овој закон влегува во сила 8-миот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија, но сега повторно ќе ве потсетам на овие членови, значи членот 71 и членот 72, апсолутно не гледам потреба да бидат два члена, тоа може да биде само еден член, да бидат кажани како еден член, затоа што и во едниот и во другиот стои одредбите од членовите тие и тие од овој закон ќе се применуваат од денот на стекнување на полноправно членство на Република Македонија во ЕУ. И во членот 72 го има истото. Одредбите од овој закон ќе се применуваат од денот на стекнување на полноправно членство на Република Македонија во ЕУ.

Сега одиме на членот 70 за кој што пред малку говорев. Значи членот 70 имаме за договори склучени по 1.01.2010 година, минималните суми на осигурување од член 20 став 1, се зголемуваат за 50%. Ова да го земеме дека е во ред. Понатаму следи секоја наредна година минималните суми на осигурување да се зголемуваат за 50%, во однос на минималните суми на зголемување од претходната година.

Сега да земеме една многу едноставна ситуација, да кажеме дека осигурувањето би било 2010 година, 10.000 денари. 2011 година ќе биде 15.000 денари, 2012 година веќе биде 22.500 денари и последната година ќе ја достигне сумата од 33.700 денари. Значи ќе има покачување од 22.700 денари, ова го говорам апроксимативно, ако тоа е 10.000 денари. Значи овие 50% звучат многу добро, но собрани сите заено претставуваат 237% Ако мислите дека со овие возила што ги има Република Македонија и граѓаните, кои што се постари и од 30 години и дека некој ќе може да го плати ова осигурување, мислам дека за да влеземе во ЕУ ќе треба да добиеме и возила од таму, за да можеме да функционираме. Незнам кое возило ќе може да излезе од границите на Република Македонија, не дај боже за некоја сообраќајка во Европа, да можеме да платиме оштета за возилото што ќе ја направи истата. И покрај тоа  што техничките услови, како што сега се движат, овие осигурувања мислам дека ќе бидат излишни, затоа што начинот на кој што ЕУ функционира и техничките карактеристики кои што ќе се бараат за возилата, едноставно ќе не принудат и овие картони да бидат излишни и многу малку луѓе да ги користат. Затоа господине министре мислев дека ако се има можност овој закон да оди во уште една фаза, да се разгледа да можете да добиете и од осигурителните друштва, еве начинот за националното биро, да се разгледа и да се направи подобар модел, кој што ќе ги задоволи сите заинтересирани страни. Во случајот јас би ви предложил, доколку постои можност на некоја од наредните седници да се разгледува во две фази. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика пратеникот Зоран Томиќ.

Повелете господине Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе,

Сакам да кажам дека мојата реплика ќе биде во функција на дообјаснување на членот 20, онаму каде што почитуваниот колега Мавровски го објаснуваше, ми се чини не ги зеде предвид првите два става, меѓутоа, би почнал по ред.

Прво би кажал дека останува членот 20 за минималните суми на осигурување за кој може да биде договорено осигурувањето. Тука имаме две алинеи, првата е за штети поради смрт, телесна повреда, нарушување на здравје, по штетен настан, а втората е заштети поради уништување, или оштетување на предмети, по штетен настан. Меѓутоа, за да се коментираат ставовите 3 и 4 неминовно е значи, покрај првиот став да се види и ставот 2 од овој член, а тоа е дека обврската на дрштвото за осигурување, која произлегува од осигурувањето од автомобилска одговорност, не може да биде поголема од минималните суми на осигурување од став 1 на овој член, освен, ако со договор за осигурување не е предвиден повисок износ.

Во ставот 3, од истиот овој член 20, имаме еден принцип на солидарна одговорност, што е сосема во ред и мислам дека е доста прецизно. Ако има повеќе оштетени лица, а вкупниот надоместок го надминува износот на кое е договорено осигурувањето, значи зборуваме за вкупниот надоместок од автомобилската одговорност, правата на оштетените лица спрема друштвото на осигурување, сразмерно се намалуваат. Мислам дека е ова навистина за почитување, по мое мислење, се разбира, секој има право на

свое толкување и во членот 4, со кој се одредува, да кажеме, со ставот 4 од истиот член, со кој се доуредува ставот 3, имено, дека друштвото за осигурување, што исплатило поголем надомест на штета на едно оштетено лице, од она што му припаѓа, со оглед на сразмерното намалување на надоместокот, поради тоа што не знаела, ниту можела да знае дека постојат други оштетени лица, има обврска спрема другите оштетени лица, само до висина на износот на кое е договорено осигурувањето.

Сакам да укажам на следното: Мислам дека и тоа е моја претпоставка дека кај колегата Спиро Мавровски, овој став предизвикува сомневање или да кажеме размислување за останатиот износ, ќе се води класична судска постапка, согласно одредбите од Законот за облигационите односи, при што, ќе имаме принцип на употреба на нужност на сопарничество, каде што, првотужениот би бил Друштвото за осигурување, кое на првото оштетено лице би му исплатило поголем износ, а додека второтужен би бил оштетеното лице што го примило поголемиот надоместок на штета, од она што му припаѓа. На тој начин, значи да не се создаде забуна.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Томиќ.

Една минута контра реплика господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Јас му благодарам на господинот Томиќ за објаснувањето, но мислам дека тука беше и мојата дилема, затоа што претходно има член 12 во кој што стојат минималните суми за кои што треба да стои обештетување за оние кои што учествувале, договорено осигурување за еден патник во случај на смрт, трајно губење на општата работна способност и преодна неспособност. Значи, 4,5 илјади евра во случај на смрт, девет илјади евра во случај на трајно губење на општа работна способност и две илјади и двеста евра во случај на преодна неспособност за работа и нужни трошоци. Токму затоа, во членот 20 став 2, стои 50 илјади евра за останати моторни возила. Токму во тоа гледам, затоа што бројот на оштетени лица може да биде многу поголем од оваа минимална сума која што тука е дефинирана. Тука е мојата забелешка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Емилија Костадинова.

**Емилија Костадинова:**Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине потпретседателе, почитуван министре и колешки од Министерството, колеги и колешки пратеници,

Би сакала накратно да се произнесам по предлогот за донесување закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог закон што го имаме на дневен ред на денешната собраниска седница.

Како што произлегува од самиот текст на Предлог законот, од образложението што ни е дадено кон него и од она што ни беше изнесено од министерот за финансии и на денешнава собраниска седница, а и на Комисијата за финансирање и буџет, произлегува дека овој предлог за донесување закон за задолжително осигурување во сообраќајот, е целосно усогласен со оние 4 директиви што се применуваат во ЕУ и кои се однесуваат на осигурување од одговорност за штети причинети на трети лица, со употреба на моторни возила. Тоа значи дека уште еден сегмент од нашето законодавство денес целосно го усогласуваме со законодавството на ЕУ.

Веднаш на почетокот би истакнала, онаа дилема што ја имаше и колегата Спиро Мавровски, дека и кај мене беше присутна истата дилема, односно зошто уште сега во законот се вметнуваат членови со одложена примена, како што се членовите 25, 44, 46, членот 52 точка 3, потоа членовите 26, 27, 28, 39, 40, 41, 42 и 43 како што ги наброи колегата Спиро Мавровски, кои ќе се применуваат од денот на стекнување на полноправно членство на Република Македонија во ЕУ. Или пак зошто минималните суми на осигурување од член 20 став 1, да се зголемуваат за 50% за договорите склучени по 1.01.2010 година, или пак одредбата од член 70 став 3, за договорите склучени по 1.01.2013 година, минималните суми на осигурување да неможат да го надминат износот на минималните суми на осигурување за 2012 година.

Лично сметав дека тоа е засега само оптоварување на текстот, за нешто што ќе се применува во иднина, по 5, 10 или 15 години, односно зошто не е оставено тогаш да се изврши измена и дополнување на текстот.

Почитувани колеги, објаснувањето од министерот го слушнавме, исто имавме прилика поопшрно да го слушнеме на Комисијата за финансирање и буџет и тоа е дека исто и тие биле во дилема кога го концепирале текстот, но преовладал фактот дека тоа е потребно поради проекцијата на нашето законодавство да биде познато на оние странски осигурителни друштва, кои што веќе се регистрирани и работат на територијата на Република Македонија.

Почитувани колеги, да го прифатиме тоа објаснување и да ја отфрлиме дилемата зошто текстот е концепиран на овој начин, односно зошто зодржи членови што ќе се применуваат во иднина.

Најавувајќи суштински измени во делот на задолжителното осигурување во сообраќајот, Владата преку Министерството за финансии ни нуди сосема нов закон за задолжително осигурување во сообраќајот, а со чие што очекувано донесување на денешната седница, ќе престанат да важат одредбите од петтиот дел на Законот за осигурување, кој што е донесен 1997 година, а е менуван и надополнуван на три пати, односно во 1999 година, 2001 и 2002 година.

Јас лично, обидувајќи се да направам компарација помеѓу дел 5-ти, кој се однесува на задолжително осигурување од Законот за осигурување, со она што сега ни се нуди како посебен, нов закон за задолжително осигурување, можев да го констатирам следното: На задолжително осигурување во сообраќајот, според новиот предлог, ќе повлечат сите патници во јавниот превоз, сопствениците на моторни возила, на воздухоплови, бродови и чамци на моторен погон, а исклучени се сопствениците, односно корисниците на шински возила, односно возовите и шинобусите од одговорност за штети причинети на трети лица, во споредба со досегашниот закон, каде што таму исто влегуваат и тие.

Во вториот дел е регулирано задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последиците од несреќен случај, а тоа да се постигне, пропишано е на сопствениците на превозни средства, кои што се регистрирани за превоз на патници во јавниот сообраќај, задолжително да мораат да склучуваат договор за осигурување на патниците од последиците на несреќен случај, регулирано во член 3 став 1.

Забележително, во споредба со важечките одредби на сеуште постоечкиот Закон е зголемувањето на минималните суми на осигурување и тоа: Досега минимална сума на осигурување 1.250 евра во случај на смрт на патник. Со овој предлог имаме 4.500 евра, значи одкако ќе ги усвоиме, се надевам на денешната седница, одкако ќе го усвоиме овој предлог.

Досега 2500 евра за трајно губење на општата работна способност, сега во новиот Предлог 9 илјади евра за таква повреда. Досега 600 евра во случај на преодна неспособност за работа и нужни трошоци за лекување, во Предлог законот си го имаме 2200 евра за загубена заработувачка и нужни трошоци за лекување. Воведена е новина во договорот за осигурување на патниците од последици на несреќен случај со воздухоплови каде наместо во евра како што досега беше надоместок, сега минималните суми на осигурување се во специјални права на влечење, односно на меѓународна пресметковна единица воведена од ММФ.

Почитувани коелеги, како што може да се набележи од наведените цифрени показатели што ги изнесов со промената на висината на минималните суми за осигурување за над дваипол пати, или попрецизно индексот е 363% ќе се овозможи на лицата кои што претрпеле такви штети да бидат посоодветно обештетени и да бидат повеќе заштитени. Што значи, една битна придобивка со овој нов закон ќе биде поголемото парично обештетување на лицата кои што претрпеле штети во јавниот превоз. Имајќи ја во предвид и целата усогласеност како што беше потенцирано на овој закон со европското законодавство неопходно било потребно по сите извршени анализи и компаративни согледувања да се направат измени и во делот кој што го регулира осигурувањето на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, односно осигурувањето автомобилска одговорност.

Во третиот дел каде што се пропишани задолженијата за осигурување на сопствениците на моторни возила од одговорност за штети предизвикани на трети лица, исто така имаме големи измени, затоа што всушност во овој дел и се применети одредбите на четвртата директива за осигурување од автомобилска одговорност и тука износите предложени во член 20 како минимални се следните. 200 илјади евра осигурување за автобуси и товарни возила досега 100 илјади евра, 100 илјади евра за останатите моторни возила досега 50 илјади евра за сите други возила. Што значи тука имаме зголемување на тарифата за 100% и воведена е една нова тарифа која што досега не се применуваше, а тоа е 300 илјади евра за моторни возила кои што пренесуваат опасни материи. Во досегашниот Закон моторните возила кои пренесуваат опасни материи не беа опфатени, така што сега се дава и една еколошка и похумана димензија и сопствениците кои вршат превоз на опасни материи да плаќаат повисоки износи за осигурување се со цел да внимаваат да не предизвикаат штети на трети лица.

Понатаму, имаме надополнување и во пропишаните минимални суми за обештетување на случај на штети поради уништување, или оштетување на предмети по штетен настан без оглед на бројот на оштетени лица, регулирано во член 20 став 1 точка 2 и тоа 100 илјади евра за автобуси и товарни возила, 50 илјади евра за останати моторни возила и 150 илјади евра за моторни возила кои што ќе пренесуваат опасни материи. Целта на ова зголемување на минималните суми за осигурување е заради веќе нагласеното усогласување на минималните суми на осигурување пропишани согласно директивите на Европската унија, односно со овој Предлог закон се настојува со нивното постепено зголемување тие да се приближат кон минималните суми на осигурување кои што се применуваат во земјите од Европската унија. Забележително е дека минималните суми на осигурување остануваат непроменети единствено кај осигурувањето на пловните објекти, односно важи истата тарифа како и во досегашниот Закон. За да се надминат проблемите кои што кај нас се присутни, тоа веќе министерот го најави, за долгите постапки што се водат пред надлежните судови да се скратат. Во Министерството за правда како што веќе не запознаа во подготовка е изготвување на закон за медијација со кој што ќе се овозможи споровите кои што се однесуваат за надомест на штета од сообраќајна несреќа да се решаваат побрзо и поефикасно и да не предизвикуваат дополнителни трошоци. Значи, останува да го сочекаме разгледувањето и на тој закон.

Почитувани присутни, примената на информатиката добива заслужено место и во оваа сфера, така што да со цел ефикасно да се

решаваат барањата за надомест на штети, настанати со употреба на моторни возила, се дава задача на Националното биро за осигурување да воспостави информатички центар. Информатичкиот центар има повеќе надлежности и задачи, тоа пред се оние кои ќе се однесуваат на собирањето и водењето регистар на податоци, помош на оштетените лица во собирањето на потребните податоци и од информациските центри од земјите членки на Европската унија, потоа соработка со информациски центри на други земји членки на Европската унија и други задачи.

Уште една позитивна придобивка со донесувањето на овој закон со формирањето на информацискиот центар е тоа што задачата на информацискиот центар ќе биде на барање на оштетеното лице во период од 7 години после случувањето на некоја незгода од регистерот на податоци што го има, или пак во соработка со другите информациски центри да му ги достави потребните податоци на подносителот на барањето. Со ова значително ќе се олесни пристапот кон потребата од комплетирање на постапката за поднесување на оштетните побарувања од страна на странките. Покрај информацискиот центар Националното биро за осигурување исто така ќе треба да формира и служба за надомест на штети која што ќе ги исплаќа барањата за надомест на штети на оштетените лица кои што имаат постојано место на живеење во Република Македонија. Но, со оние одложени членови што рековме со одложена примена кога незгодата се случила во друга земја членка на Европската унија, односно во оние земји каде што Националното биро е член на системот на зелена карта, тогаш значи ќе може исто така да се бара надомест на штета и за тие незгоди. Но, рековме дека примената на овој член е постигнување на полноправно членство на Република Македонија во Европската унија. Останатите членови што имаат одложена примена, а со кои се постигнува подолгорочна предвидливост на амбиентот од автомобилската одговорност се вметнати за тоа како што беше изнесено од предлагачот да се овозможи една попозитивна клима за оние веќе регистрирани осигурителни компании во Република Македонија кои што веќе активно работат на нашата територија од кои што знаеме дека дел веќе имаме и странски осигурителни компании и кои што нудат најразлични видови осигурување. Со вметнувањето на тие членови кои што нудат целосна усогласеност со европските правила се дава позитивен сигнал и за други осигурителни компании покрај веќе постоечките да вложуваат во Република Македонија, односно да влегуваат на нашиот осигурителен пазар и со тоа да се зголеми конкурентноста помеѓу осигурителните компании и услугите што ги нудат.

Понатаму, со овој Предлог закон регулирано е и формриањето на Националното биро за осигурување на неговите надлежности, а само една точка од член 52 став 1, односно точка 3 има одложена примена, односно ќе се применува по стекнувањето на полноправно членство на Република Македонија во Европската унија. Исто така, регулирано е и формирањето на гарантниот фонд од страна на Националното биро за осигурување, а чија што основна задача ќе биде да ги исплаќа штетите што ќе настанат на нашата територија, а кои ќе бидат предизвикани од непознати и неосигурани моторни возила, неосигурани чамци и бродови, а исто така и неосигурани воздухоплови и штетите што ќе ги предизвикаат патниците во јавниот сообраќај, а чии што сопственици не склучиле договор за осигурување на патниците. Значи, тие ќе се исплаќаат од гарантниот фонд како и штетите што нема да може да се наплаќаат поради престанок на некое друштво за осигурување. За непречено и ефикасно да може да ги исплаќа меѓународните обврски по штетите предвидени во член 59 став 3, зацртано е минималниот износ на средства со кои ќе работи гарантниот фонд да не биде помал од 3 милиони евра во денарска противвредност.

Почитувани колеги, имајќи во предвид дека станува збор за сложена материја што задира и во здравствената и во материјалната димензија на оштетените странки и нивното правично обештетување, а јас лично немајќи некои поголеми забелешки на понуденото законско решение и на поодделните членови од истото, ќе се изјаснам позитивно за дадениот предлог.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, ќе се потрудам да бидам сосема краток. Имајќи го Предлогот за донесување закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон, образложението по истиот очигледно е дека овој закон се носи затоа што ние треба да го усогласиме нашето законодавство со европското. И од тие причини се издвојува петтиот одел од Законот за осигурување и се пренесува на еден посебен закон. Сето тоа е во ред. Само мене не ми се допаѓа тоа што, сепак одиме со една многу голема брзина како да е толку незначаен овој закон, веднаш одиме со Предлог и Предлог за донесување на законот. Има такви измени, такви суштествени прашања кои се решаваат во него што се во доволна мера различни од досегашниот Закон. И од тие причини сметам дека Собранието треба да ја утврди потребата за донесување, дискусиите на денешната седница и од комисиите Предлогот на законот да се донесе во една друга фаза која што ќе има малку време да кажат малку повеќе и други институции оние што ќе бидат посебно засегнати од законот, односно кои што повеќе го применуваат: транспортните претпријатија, од науката. Има многу работи што се недоволно јасни и сметам дека веројатно многу брзо ќе уследи некоја измена и ова ќе ни служи само како закон кој што треба да го донесеме и дека имаме таков закон.

Прашање е дали минимум сума на лично осигурување дали е 4500 евра доволна, недоволна, дали е потребно таквата сума да се дефинира и другите такви одредби кои што дефинираат одредени износи како да човечкиот живот однапред е утврдено за смртен случај на човек 4500 евра. Јас не знам, дали е баш тоа реално, дали баш така треба да биде дефинирано и за тоа ќе треба малку повеќе да се осврнеме аналитички и да се проучи тој дел. Истото се однесува и на членот 20 каде што се зборува за минимум сума на осигурување на возилата 200 илјади евра, 100 илјади евра, 300 илјади евра. Не знам од што тргнал предлагачот и како го утврдил тоа, која е таа анализа, ние како пратеници ниту можеме да го видиме тоа па да дојдеме до убедување дека е тоа нешто доволно. Едноставно се доставува ние само да аминуваме, да го поминеме, дека е доволно тоа што го предложила Владата. Невкусно е и тоа за мене што стои во членот 46, Владата има огромни ингеренции при утврдување на премијата. Во текот на годината Владата утврдува максимум и минимум премија. Од каде е таа потреба утврдена дека Владата токму во овој дел треба да има примат и да утврди некои рамки на оние организации, односно осигурителни друштва во кои рамки да се движат. Од тие причини сметам дека донесувањето на законот треба да го одложиме, да не го прифатиме и истиот да дојде во втора фаза за кое нешто да има период за изјаснување на повеќе субјекти во Република Македонија, за кое нешто сметаме дека ќе донесеме поквалитетен закон, а исто така ќе се даде и шанса на пратениците да обават повеќе консултации со повеќе правни и физички субјекти за да можат правилно да одлучат при донесувањето на овој закон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжително осигурување во сообраќајот.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Господине Манев, имате процедурална забелешка?

**Ефтим Манев:** Јас предложив, побарав Собранието да се изјасни по тоа што овој закон да оди во две фази и денеска на оваа седница да гласаме само за потребата. По истото може да се изјасни и подносителот на законот, Владата, односно министерот за финансии, дали ќе го прифати таквиот предлог, ако не го прифати предлагам да оди на гласање мојот предлог.

**Слободан Најдовски:** Предлагачот има право во секое време додека трае расправата да го повлече Предлогот на законот. Од друга страна и пратениците си имаат потполно право да предлагаат. Но, сепак, предлагачот е тој што одлучува дали ќе оди во една, или во две фази. Како предлагач по однос на вториот предлог прво да го слушнеме мислењето на министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Значи овој закон не е ново уредување на некоја проблематика во Република Македонија. Овие работи се уредуваат во Законот за осигурување во поглавје кое ние го влечеме во посебен закон, значи не е нова материја и законот е целосно усогласен како што кажав со четирите постојни европски директиви за оваа област. Што значи дека законот е материја која сега е уредена. Новините се тоа што кажав во воведното излагање, некои усогласувања кои нема потреба да одат во две фази, а најглавното усогласување е усогласувањето со директивите на Европската унија. Со оглед дека директивите на Европската унија не се преговорливи, ниту пак директиви со кои ние можеме да калкулираме ги прифаќаме, или не, Собранието треба да донесе одлука дали ќе го усогласиме законот со европското законодавство, или не. Со оглед дека јас ги знам кои се позициите на Собранието во однос на целосната хармонизација.

Ова е закон кој, кажав и во воведното излагање, целосно го хармонизираме системот со Европската Унија.

Некои одредби можеби се поболни, меѓутоа, процесот на усогласувањето со Европската Унија е голем процес и затоа многу држави тешко го усогласуваат своето законодавство и за тоа не гледам причина да се оди во две фази, затоа што во меѓувреме нема да се променат директивите на Европската Унија, сигурно. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам министре.

Молам, уште еднаш службите да пребројат и да го видиме точниот број на присутни пратеници.

Господинот Манев има процедурална забелешка.

**Ефтим Манев:** По однос на изјаснувањето на министерот кажа дека е се исто како претходниот закон, мислам дека не е се исто, е, сега, кажа дека во Европа. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Манев, се извинувам, расправата е заклучена, јас ви дозволив процедурално, а пред тоа имавте забелешка, баравте изјаснување на министерот, сепак ви дозволивме.

Нема реплика, нема расправа, расправата е завршена. Доколку имате процедурална забелешка, повелете, ако не, продолжуваме.

Молам, службите да го утврдат точниот број да видиме колку присутни пратеници имаме.

(Недоволно).

Молам, координаторите да видат дали имаме шанса да обезбедиме кворум или да ја завршиме тука.

Молам, во наредните 10 минути да се обидеме да обезбедиме кворум, во спротивно ќе ја прекинеме седницата.

Молам, координаторите да видиме од која пратеничка група колку има присутни, да провериме додека трае паузата.

(Во 16,25 часот со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Вака, 10 минути ќе чекаме, а по 10 минути кворум.

Службите нека го утврдат бројот, ве молам.

(Минуваат минути на чекање)

Сега сме 61 пратеник.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник глалсале 60, 58 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен гласале 52 од кои 51 гласале за, нема воздржан, а еден против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 2; член 15 точка 3; член 19; член 23 став 1; за менување на насловот по член 24; член 32 став 1; член 36 став 2 точка 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3; член 45 став 1; за менување на насловот на член 46; член 48; член 52 точка 5; на насловот на член 59; на насловот на член 62 и на член 62; на насловот на член 63 и на член 63, на член 66 став 1 за менување на точка 3; и на точките 4, 5  и 7 и на ставовите 2 и 3; за додавање два нови членови 68-а и 68-б, по членот 68; член 70 став 1 и за бришење на став 2 и на член 74.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Бидејќи со овој се согласил повереникот на Владата, а да бидеме рационални, го прашувам министерот дали со сите амандмани што се согласил повереникот се согласува и министерот?

**Никола Поповски:** Ги прифаќаме сите 18 амандмани поднесени од Законодавно-правната комисија. Тие се усогласени со нас.

**Љупчо Јордановски:** Значи, член 3 став 2, поднесен од Законодаво-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Член 15 точка 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 19, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 23 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот за менување на насловот по член 24, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 32 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 36 став 2 точка 3, и за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 45 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот за менување на насловот на член 46,  поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 48, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 52 точка 5, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на насловот на член 59, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на насловот на член 62 и на член 62, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на насловот на член 63 и на член 63, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 66 став 1 за менување на точка 3 и на точките 4, 5 и 7 и на ставовите 2 и 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот за додавање на два нови членови 68-а и 68-б по членот 68, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 70 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 74, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Благодарам господа, продолжуваме во среда во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,47 часот)